магазин за
# ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ
ТУРИЗАМ • БИЗНИС • ОБРАЗОВАНИЕ • КУЛТУРА • ЖИВОТ • СВЕТ • ДИПЛОМАТИЈА

На 64 страници
Година 2 Број 6
Август 2023 г.
Цена 150 ден.



## ДЕЛЕГАЦИЈА НА УТМС ВО ПОСЕТА НА КРУШЕВО

**АНАЛИЗА**
Д-р Кедев: „Во животот учиме од неуспехот, тоа е најголемиот успех“

**ЕКОНОМИЈА**
Зошто само во Македонија нема железница?

**ИДНИНА**
Филип Талески: „Учам на најдобриот Универзитет Скопје за да имам иднина и по спортската кариера“

www.magazinturizam.mk

ISSN 2671-3934





## ИМПРЕСУМ

Издавач:
**Универзитет Скопје**

Одговорен уредник:
**М-р Билјана Трендафилова**

Лектор:
**М-р Милица Петрушевска**

Фотографија:
**М-р Горан Каровски**
**Дејан Огненовски**

Технички уредник:
**М-р Марина Стојмирова**

Печати:
**БАТО & ДИВАЈН Графички Центар**

Тираж:
**500 примероци**

Контакт:
**МАГАЗИН ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ**
**+ 389 2 3093 209**
**www.magazinturizam.mk**
**info@magazinturizam.mk**

# СОДРЖИНА




Одблиску со главниот уредник м-р Билјана ТРЕНДАФИЛОВА — 3



АНАЛИЗА: Профил со д-р Сашко КЕДЕВ, кардиолог и алпинист — 4



ТЕМА Изборот на универзитет - патоказ во животот — 10



КОЛУМНА: Проф. д-р Дејан НАКОВСКИ Во кој правец се движи домашниот туризам? — 16



ЕКОНОМИЈА: Зошто само во Македонија нема железница? — 20



МОЈА ОПШТИНА: Интервју со градоначалникот на Крушево, Томе ХРИСТОСКИ — 26



РЕПОРТАЖА: Македонија го празнува Илинден — 32



ДУРБИН: Вести од Македонија и светот — 42



ИДНИНА: Разговор со Филип ТАЛЕСКИ, ракометен репрезентативец — 48



ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД: Интервју со амбасадорот Љупчо АРСОВСКИ — 52



КОМПАРАЦИЈА: Одлив на мозоци од регионот, Македонија на врвот на листата — 58

ЗПГМ ЗПГМ

ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРОФЕСОРИ ПО ГЕОГРАФИЈА НА МАКЕДОНИЈА
„ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ – СКОПЈЕ



*Извор: https://www.wallpaperpass.com/download-map-wallpaper-114/*



М-Р БИЛЈАНА ТРЕНДАФИЛОВА



# ВЛАСТА ГИ „БИЛДА“ ПЛАТИТЕ, НАРОДОТ ОСИРОМАШУВА

*Политичките партии од власта не штедат пофалби за економските мерки за кои велат дека во услови на криза обезбедиле повисоки плати и пензии.*

*Од септември платите во јавниот сектор се зголемуваат за 10%. Но, кога растот на трошоците го достигна својот врв, ова зголемување на платите и пензиите е смешно.*

*Дали воопшто треба да се промовира зголемување на плати во време кога инфлацијата е енормно висока? Мнозинството граѓани немаат зголемување на стандардот, туку континуирано осиромашување.*

*Додека цените растат и инфлацијата се продлабочува, именуваните функционери си добија повисоки плати за вртоглави 78 проценти. Бурата од реакции во јавноста не ги премисли избраните и именувани лица, како од власта така и од опозицијата, побрзо да реагираат и во ова кризно време да направат корекција.*

*Според економската фела, функционерите треба да си ги намалат платите и да ги покачат примањата на работниците, во време кога обичниот човек едвај преживува.*

*Но, кому му е гајле за народот, за оној што врзува крај со крај и чиј глас е важен само пред избори. Очигледно и оваа „битка“ за заштита на стандардот е повторно веќе виден популизам пред избори.*




Кедев на Монт Еверест на 8.848 метри надморска височина, со левата нога во Тибет, а со десна во Непал.

# Д-Р САШКО КЕДЕВ ГО ИСКАЧИ НАЈРИЗИЧНИОТ ВРВ ВО СВЕТОТ НАНГА ПАРБАТ:

## Искачувањето на врвовите е и начинот на кој живееме

*„Кога ќе успееме во животот, тогаш сме комотни, па дури стануваме и арогантни. Но, вистинското искуство е неуспехот. И една таква случка беше мојот најголем успех. Како ќе напредуваме, како ќе растеме зависи од стравовите. Колку успеваме да ги надминеме, толку*



Врвот Манаслу 8.163 метри надморска височина.



## КЕДЕВ: Во животот учиме од неуспехот, тоа е најголемиот успех

*можеме да успееме да ги постигнеме целите. Нашите дела, нашите мисли, остануваат засекогаш. Најважно е да не правиме штета на што било и на кого било во животот. За да може некој да порасне, треба да се ослободи од тој страв и тежина. Треба да работиме на свесноста, и само така можеме да направиме сопствена корекција и корекција во општеството“*, вели Кедев.



Кедев го вее македонското знаме на врвот Далагири, 8.167 метри надморска височина.

Додека не стигнете на врвот, не сфаќате колку е добар погледот и колку било тешко искачувањето. Првата возбуда ја доживувате откако ќе ја видите најубавата глетка. Така е и со животот. Може да се разбере само откако ќе погледнете наназад.

Адреналинот, височините, но не на фотографија, туку да ги впијат очите е токму она што им дава енергија на најдобрите планинари и алпинисти да стигнат до последната точка на планинските масиви.

Македонија може да се пофали со многу љубители на планините, но еден од нив се издвојува по својот континуиран успех. Професионалец на две полиња: медицина и планинарство. Сашко Кедев, доктор кардиолог, но и авантурист со планови да стигне до уште многу височини. Многу пати ќе каже – зад секој врв постои уште еден.

**„Живееме  на два начина. Едниот млако, да го преспиеме, а вториот е како зовриена вода, стануваме пареа што се движи насекаде. Ако го живееме животот низ оган, тоа ни дава можност за кристализација на личноста. И тоа ќе си дојде само од себе. Јас не планирав дека ќе одам на големи височини, на хималајските врвови над 8.000 метри. Тоа си дојде спонтано во мојот живот. Многу работи во животот се случиле спонтано и не знаеме зошто се случиле“**, вака познатиот кардиолог во Македонија ја раскажува својата досегашна приказна за тоа како успеал да стигне до врвот на светот. Онаму каде што биле само малкумина.

Кедев ги има освоено највисоките врвови на сите седум континенти, меѓу кои и „покривот на светот“ – Еверест. По 12 години од овој

подвиг, решава да освои уште височини. Но, ја поставува најтешката задача, да ги освои не само највисоките врвови на земјата туку и најстрашните. Досега успева да стигне каде што стапнале само најупорните. Македонско знаме се вееше на Анапурна, К2, Манаслу, Далагири, Броуд пик. Од многуте врвови на пониска надморска височина од осум илјади метри, Кедев застана на највисоката точка на Монблан, Килиманџаро, Денали, Аконкагва, највисокиот врв во Аргентина, Елбрус во Европа.

Сашко Кедев неодамна искачи уште еден врв над осум илјади метри, Нанга Парбат, на истоимената планина во Пакистан, една од ланецот на Хималаите. Познатиот македонски кардиолог се стреми да ги освои сите 14 највисоки врвови. Тој, кога го раскажува своето искуство, вели дека кога застанал на висина над осум илјади метри, успеал да го освои светот.

Онаму каде што воздухот е многу тежок, а возбудата преголема. Сметал дека искачените врвови Анапурна и К2 се најтешки, но откако го искачил врвот Нанга Парбат сфатил дека е прв по тежина од сите досега искачени седум светски врвови. Овој врв е познат како „планината убиец“ бидејќи има многу лавини, чести одрони на големи карпи и, најтешкиот предизвик, вертикалниот ѕид. **„Но, штом ќе тргнете по патеката, нема назад“, вели Кедев. „Не постои страв, бидејќи стравот не дава сила. Во тие моменти, најважно е да сте подготвени како физички така и психички. Подготвени за целиот предизвик.“**

**„Без самозапознавање, без страдање во моменти кога останувате сам на карпата, разбирате дека мора да се продолжи по патот што е пред вас. Немав дилема дали ќе успеам, бев посветен на процесот на искачување. Но, има момент на криза, но не за откажување“**, објаснува Кедев.

**„За да се успее, треба да се слуша и да се следи природата, а не желбите“**, вели




**Кедев со Нимсдаи и Мигма Џи, најпознатите шерпаси во светот.**

Кедев. Многумина одат на ризик и прават драстични грешки.

Многумина од алпинистите и планинарите објаснуваат дека оваа височина е опасна бидејќи телото почнува да реагира од недостигот на кислород во воздухот. Многу често, на вакви врвови може да се појави висинска болест, која може да доведе до животозагрозувачки едем на мозокот и едем на белите дробови. Најважно од сè е телото да се хидрира, но на правилен начин. Самодисциплината е најважна за успешност и издржливост.

Секој пат до вистината е индивидуален, со лично искуство и со прифаќање на голем степен на напор и на страдање. А патот до вистината е поврзан со самотијата. Бидејќи ако човек не може сам да се соочи со себе,

ако не може да се сфати сам себе, тогаш не може да ја сфати вистината. Вистинското богатство не е надвор, во материјалниот свет, тоа е во секого внатре. А секој се наоѓа себеси во самотија. Оваа мисла му дава сила на докторот да продолжи понатаму без застанување.

Кедев на многуте авантури искачувања, доживеал голем број тешки ситуации, животозагрозувачки. Една од нив ја раскажува со посебна внимателност бидејќи вели дека таа случка, која е најголемиот неуспех во неговиот живот, е всушност најголемиот успех. Ова сознание го добил кога заедно со цела експедиција тргнале да го искачат врвот Канченчунга.

Овој пат при искачувањето возбудата била уште поголема бидејќи бил рамо до рамо со Нимсдаи, бренд во оваа област, кој не само што ги искачил сите 14 највисоки врвови во светот, туку тоа го направил и без кислород.

Кога стигнале до четвртиот камп, одлучиле да почекаат еден ден бидејќи на ова искачување со нив одлучила да се приклучи и принцезата од Катар, која била главен покровител на првенството во Катар. Но, утредента кога решиле да тргнат кон врвот, временските услови почнале да се влошуваат. На стотина метри под самиот врв, тимот одлучил да се врати назад бидејќи немало простор за искачување – условите станувале сè потешки.

**„Шерпасите наеднаш рекоа дека не можеме да продолжиме нагоре и дека мора да се симнуваме надолу. Во тој момент, додека се вртевме, мене ми се закачи вентилот на карпата и кислородот истече за неколку секунди. Останав без кислород. Планинарите зад мене чекаат, морав брзо да реагирам, бидејќи симнувањето беше еден по еден, еден зад друг. Тука се главните моменти на преживување. Човекот ако не се мотивира во тие моменти, тогаш останува на карпата засекогаш. Проблемот настана бидејќи сме се искачувале со кислород и сме зависни од кислород. Тогаш тие 30 минути беа најтешките во мојот живот. Без кислород, во лоши временски услови, морав да продолжам да се движам. А како? Морав да најдам мотивација за да успеам да се симнам со останатите. Во таа фаза, бев најблиску до смртта“.**





Кедев: „Во животот можете да продолжите само ако имате мотивација.“



Токму ова било животна лекција за нашиот познат кардиолог. Планините успеале да го научат на вистината лекција за животот. Не материјалното, туку она возвишеното. Таму горе, на надморска височина над осум илјади метри, каде што телото се бори да функционира, се бори секоја клетка и секој орган да преживее, се развива свеста, па човекот ја дознава смислата на животот. Кедев вели, не е смртта, не е раѓањето, туку мислите и најмногу делата се оние што го сочинуваат човекот и неговиот живот.

**„Кога ќе успееме во животот, комотни сме, па дури стануваме и арогантни. Но вистинското искуство е неуспехот. И една таква случка беше мојот најголем успех. Како ќе напредуваме, како ќе растеме, зависи од стравовите. Колку успеваме да ги надминеме, толку можеме да успееме да ги постигнеме целите. Нашите дела, нашите мисли остануваат засекогаш. Најважно е да не му правиме штета на што било што и на кого било во животот. Да може некој да порасне, треба да се ослободи од тој страв и тежина. Треба да работиме на свесноста, и само така можеме да направиме корекција кај себе и во општеството“**, вели Кедев.

Покрај планините, медицината е првата љубов што го исполнува неговиот живот.

**„Имав многу среќа да се занимавам со интервентна кардиологија. И среќа што како тим успеавме да докажеме дека всушност може да се бидеме успешни во оваа област, иако бевме критикувани. Се направи тим од млади доктори, висок профил на кардиологија. Но, таа школа ја проширивме во многу градови низ Македонија, и тие денеска можат да спречат срцев удар ако се реагира навреме“**, објаснува Кедев.

За политиката ќе каже дека таа била една фаза во животот преку која успеал да го запознае народот, да сфати дека има многу среќни и посреќни луѓе кои живеат надвор од главниот град. Тој дел од неговиот живот завршил бидејќи смета дека е некомпатибилен со него и со неговите гледишта. За него не постојат помалку или повеќе вредни луѓе и токму затоа смета дека политиката е активност со многу непринципиелни работи.

Кедев на К2 на 8.611 метри надморска височина.



# ИЗБОРОТ НА УНИВЕРЗИТЕТ – ПАТОКАЗ ВО ЖИВОТОТ

***„Образованието е најмоќното оружје што можете да го користите за да го промените светот“*, моќна порака од Нелсон Мандела**



Научници, доктори на науки, магистри, професори, учители, сите со исти став: моќта на знаењето може да ги промени ставовите, луѓето и општеството – светот.

Сите образовни кадри се стремат да произведат знаење со големо влијание кое ќе придонесе за решавање на глобалните предизвици. Моќта на образованието зависи од тоа колку напори ќе направи институцијата и колку знаење ќе им предаде на своите студенти. И тие, по своето завршување, колку ќе го искористат знаењето за подобар, поодржлив свет. Токму затоа за новите студенти од големо значење е каде ќе го продолжат своето образование.

Пример за посветеност, за грижа за студентите и, најважно, знаење кое ги подготвува за пазарот на труд е токму Универзитетот Скопје. Кога учите со нас, и вие може да имате влијание – токму тоа е резултатот што ќе го добие секој студент на крајот од своите студии. Но, како да се изберат студиите? Најважно е да се следат сопствените афинитети.

**„Овој Универзитет функционира како целина од три факултети и два институти. На Економскиот факултет имаме три**



Проф. д-р Мијалче Ѓоргиевски: „Универзитетот е поинаков од останатите факултети бидејќи 90% од професорскиот кадар е дојден од реалниот сектор.“



**студиски програми: првата е финансии, бизнис и осигурување, втората е менаџмент на човечки ресурси и третата програма е меѓународен маркетинг и менаџмент. Исто така, имаме и Факултет за туризам и Факултет за информатички технологии, а воедно имаме и два научни институти – Научен институт за менаџмент и Научен институт за национална географија“**, вели проф. д-р Мијалче Ѓоргиевски, проректор за настава на Универзитетот Скопје.

За време на предавањата, покрај презентирање информации за научната теорија од соодветната област, Универзитетот нуди и апликативни примери, а покрај редовните професори, има и предавања од експерти од најразлични стручни области, што е исклучителна можност за сите студенти.

Универзитетот внимателно следи и што се бара на пазарот на труд. Менаџментот е во постојана комуникација со бизнис-заедницата, каде што покрај честите разговори за економската состојба, се прават договори и за практична работа на студентите, кои имаат можност одблиску да се запознаат со работата, но и стопанствениците добиваат шанса за ангажирање стручен, млад кадар.

Оваа практика на Универзитетот Скопје е од голема помош за економијата во Македонија. Според економските анализи на Стопанската комора, дури 63 отсто од компаниите бараат работници со стручни вештини што ги нема на пазарот на трудот. Најголема причина пред сè, е неквалитетниот образовен и здравствен систем, како и желбата за подобар животен стандард, потоа отсуството на стабилни и ефикасни институции, високата корупција и големата политичка нестабилност, отсуството на соодветна инфраструктура и економски



Бојана Арсовска, студентка на Универзитетот Скопје, извршува практика по социјални медиуми и организација на настани во Хотел „Мирор“.



структурни реформи, несоодветните услови за водење бизнис, инвестициската нестабилност.

Универзитетот Скопје се труди сите студенти во текот на академската година да добијат најмалку 30 дена стручна практична работа. Тоа е и законска обврска за Универзитетот. Практиката, пак, се одбива во реномирани компании со кои УТМС има потпишано договори за соработка.

**„Студентите од Економскиот факултет одат на практична работа во ‚Халк банка‘, во осигурителни компании, студентите што се на отсек маркетинг имаат практика во агенции за маркетинг, тие од човечки ресурси практиката ја извршуваат во компании во кои има сектор за човечки ресурси. Студентите по туризам практична работа најчесто имаат во хотели, а за информатичарите, пак, секогаш има голем број можности. Четири години по најмалку еден месец практична работа – и се стекнува искуство. Па тогаш и компаниите, наместо да бараат да вработат некој нов, за нив непознат работник, нашите студенти што оделе со години на практична работа, автоматски ги ставаат во системот за потенцијални вработени“**, вели проректорот Ѓоргиевски.

Најважно да се потенцира за Универзитетот е што е поинаков од останатите факултети, бидејќи 90% од професорскиот кадар е дојден од реалниот сектор и одлично ги познава потребите на пазарот на трудот. Така полесно може да препознае во која компанија можат студентите да ја пронајдат својата работна позиција, а и на компаниите да им понудат стручен кадар. Проректорот Ѓоргиевски нагласува дека индивидуалниот пристап кон студентите и 24-часовната достапност на професорите за помош и консултација, го прават овој Универзитет привлечен за студирање.

## ПАТУВАЊА И ПОСЕТИ

Со учењето и практичната работа не завршува искуството во Универзитетот Скопје. Оваа образовна институција има методологијата на студирање базирана на кредит-трансфер системот, која овозможува меѓународно етаблирање и учество во програмата Еразмус плус. Но, исто така, студентите освен во Македонија, различно искуство можат да стекнат и во останатите земји, кога учењето станува и дел од забавата.

## Египет

Во координација со деканот на Факултетот за Туризам, проф. д-р Сашко Граматниковски, годинава студентите го избраа Египет. Мотото на туристичката индустрија на ова земја е **„Египет – од каде што започнува сè“**.

***„Патувањето во Египет не беше само за авантура и за истражување, тоа беше и културно доживување. За време на престојот, студентите имаа можност да се нурнат во богатата египетска култура, уживајќи во традиционалната кујна, доживувајќи ги традиционалната музика и танц и интеракцијата со пријателски настроените локални жители. Оваа посета е огромен предизвик за нас да дадеме свој придонес и да го прошириме видикот на нашето делување и просперитет. Огромна благодарност до Универзитетот Скопје што на овој начин придонесува своите студенти да го имаат светот поблиску до себе и да се оформат во вистински градители од пошироки размери“***, беше искуството на Бојана Богоевска, која е студент на овој Универзитет.

***„Целото патување во Египет беше едно интересно искуство, да се доживее потполно различен свет од овој во кој живееме ние. Црвеното Море е познато по коралните гребени кои го одземаат здивот, па снорклингот на отворено море е моментот што ќе го паметам. Го посетивме и местото каде што познатиот војсководец и освојувач Наполеон Бонапарта им се обратил на своите војници покажувајќи кон пирамидите: ‚Војници, запомнете дека од врвовите на овие големи пирамиди ве набљудува четириесетвековна историја“***, своето искуство го пренесува Марија Спиркоска, студент на Универзитетот Скопје.

Инаку во изминатите 17 години, Универзитетот Скопје има реализирано преку 70 наставно-научни практикуми. Како дел од Караванот за промоција на условите за студирање, реализирани се и кампањи во речиси сите средни училишта во земјата.




Посета на пирамидите во Гиза.




Универзитетот Скопје додели 525 стипендии во 35 општини ширум Македонија.

# „УТМС ДОСЕГА ДОДЕЛИ 525 СТИПЕНДИИ ВО 35 ОПШТИНИ ШИРУМ ЗЕМЈАТА"



***„Ги посетивме речиси сите средни училишта во државата. Од север до југ и од запад до исток на нашата татковина. Одлично искуство и прекрасни идни генерации кои носат нова надеж за оваа земја"***, објаснува доц. д-р Ангела Миленковска-Климоска.

Големо влијание за зголемен интерес за упис на Универзитетот имаат токму меѓународно признатите дипломи со кои идните академски граѓани можат да работат за компании надвор од Македонија.

***„Секој сака да вложи во себе, но и да го валоризира својот труд со диплома која е меѓународно призната, како и да биде конкурентен на секој пазар каде и да се појави. За тоа колку е атрактивна нашата диплома, зборуваат многуте примери на наши алумни-студенти кои работат за светски познати компании"***, вели м-р Миленковски од Универзитетот Скопје.

Универзитетот Скопје, секоја година доделува и стипендии. 525 стипендии беа доделени во 35 општини низ целата земја, се стипендираат стотици млади луѓе, талентирани спортисти, а Универзитетот Скопје даде поддршка и за најдобрите средношколци.




Додели 10 стипендии на Карате федерација на Македонија.


UTMS JOURNAL OF ECONOMICS
Volume 12 Number 2 Print ISSN: 1857-6974
December 2021 Electronic ISSN: 1857-6982
www.utmsjoe.mk
Guest Editor
Prof. Martina Sopta, PhD
Contents
Research Papers
FINANCING POSSIBILITIES OF THE LOCAL GOVERNMENT
A PANEL REGRESSION ANALYSIS OF HUMAN CAPITAL RELEVANCE IN SELECTED SCANDINAVIAN AND SE EUROPEAN COUNTRIES
EMPIRICAL ESTIMATION OF THE MULTIPLICATIVE EFFECTS OF STELL INDUSTRY IN MACEDONIA BY USING INPUT-OUTPUT MODEL
STATE INVESTMENT IN SCIENCE AND SCIENTIFIC PRODUCTIVITY OF UNIVERSITIES
CAPITAL INVESTMENTS AND FINANCIAL PROFITABILITY
EMPIRICAL ANALYSIS OF DEMAND FOR ROOF TILES: EXAMPLE OF TONDACH COMPANY
CLASSIFICATION OF TOURIST SEASON IN COSTAL TOURISM
HEALTH TOURISM AND "SMART SPECIALISATION"
ANALYSIS OF TOURISM INDICATORS IN FUNCTION OF TOURIST OFFER ENRICHMENT IN MACEDONIA
THE IMPACT OF MEDICAL TOURISM ON THE QUALITY OF ORGANIZATIONAL AND FUNCTIONAL CHANGES IN THE POLISH HEALTHCARE SYSTEM
SUSTAINABLE TOURISM AND HOTEL MANAGEMENT IN MACEDONIA TROUGH THE USE OF RENEWABLE ENERGY SOURCES
University of Tourism and Management in Skopje
www.utms.edu.mk

# КОЛУМНА

**Пишува: проф. д-р Дејан Наковски, професор на Универзитетот Скопје**



# ТУРИСТИЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ – ОСНОВА ЗА ТУРИСТИЧКИ РАЗВОЈ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Туризмот е многу значајна стопанска дејност во секоја држава, вклучително и во Република Македонија. Бројот на туристи кои ја посетуваат нашата држава постојано се зголемува, како во однос на бројот на доаѓање, така и во однос на остварени ноќевања. Ова се двата основни статистички показатели за туристичкото движење во земјата и ова секако дека оди во прилог на растот на туризмот во Република Македонија.

Терминот раст, како економски и статистички показател, сам по себе не е доволен за реално претставување на состојбата кога станува збор за туризмот, бидејќи преку растот се согледуваат само квантитативните карактеристики и показатели на туризмот во туристичката дестинација.



Проф. д-р Дејан Наковски, професор на Универзитетот Скопје.





Она што е од посебна важност за туристичкото планирање, покрај квантитативните показатели се квалитативните одлики на туристичката дестинација, кои пак се изразуваат или се согледуваат преку терминот развој или развој на туризмот.

Една од главните карактеристики во корелацијата помеѓу растот и развојот во туристичката индустрија е тоа што растот не секогаш го следи развојот. Растот на туризмот сам по себе не значи и развој на туризмот, односно може да има раст во туризмот, но сепак да нема развој на туристичката дестинација. Оваа значајна карактеристика во корелацијата раст – развој често се заборава или се занемарува при презентирањето на резултатите од работењето во туристичките дестинации, а посебно при креирањето на туристичките политики и туристичкото планирање.

За туризмот, неговото значење и сето она што го носи со себе како индустрија, најмногу се зборува за време на главната летна туристичка сезона. Во тој период сите развојни туристички политики и туристички планови се насочени кон главните туристички дестинации во Република Македонија, односно кон југозападниот туристички регион и кон транзитниот туристички коридор север – југ. При тоа, засегнатите и инволвирани страни, бизнис-туристичкиот секторот и јавниот сектор, се фокусираат само на растот на туризмот изразен преку бројот на доаѓања на туристи, бројот на реализирани ноќевања од страна на туристите и остварениот туристички промет.

Поради ваквото еднострано согледување на показателите и понатаму еднострано претставување на состојбата со туризмот во Република Македонија, се добива впечаток, кој секако е привиден, дека туризмот во нашата држава е во континуиран развој, додека пак реалната состојба е таква што Република Македонија се наоѓа на доста низок степен од туристичкиот развој.

Не постои долгорочност во планирањето на туризмот, како на локално, така и на национално ниво.

Не постои организирана форма на соработка и координација помеѓу одделните туристички региони и туристички дестинации.

Не постои константна и континуирана



Проф. д-р Дејан Наковски со дел од професорите и студентите од Универзитетот Скопје на Меѓународниот саем за туризам во Белград.





комуникација и соработка на национално ниво помеѓу јавниот и приватниот сектор во туризмот. Ова е од особена важност бидејќи туризмот во својата основа како дејност претставува еден вид јавно-приватно партнерство, во кое носителите на дејноста се од приватниот сектор.

Според ова, главниот проблем или недостаток за развојот на туризмот во Република Македонија е несоодветната и нефункционална организациска и системска поставеност на институциите кои се одговорни за туристичкото планирање и развојот на туризмот во нашата земја.

Туризмот, иако е глобален феномен за кој велиме дека не познава граници и зафаќа најразлични простори од Земјата, сепак основното дејствувањето при планирање на туризмот започнува од туристичката дестинација која има локален карактер. За планирањето во туризмот можеме да кажеме дека треба да се размислува глобално, но да се дејствува локално.

Ова размислување ја наметнува потребата од локална туристичка организациска поставеност во самите туристички дестинации без разлика на нивниот степен на развиеност.

Локалната заедница во која се вклучени сите директни и индиректни учесници во туристичкото работење, најдобро ги знае условите, ресурсите, потенцијалите, можностите и потребите на туризмот во самата дестинација. Од тука произлегува неопходноста од организирана форма на делување на локално ниво преку туристички организации во дестинацијата.

Локалните туристички организации треба да ја имаат улогата на планирање, управување, менаџирање, брендирање, промоција и маркетинг на туристичката дестинација, а притоа да ги имаат предвид економските, еколошките и социјалните компоненти во заедницата и општеството со цел да создадат одржлива туристичка дестинација.

Локалните туристички организации од дестинациите во еден туристички регион е потребно да се организираат и да создадат регионална туристичка организација која ќе ги  има истата функција и улога, но сега на регионално ниво.

Регионалните туристички организации понатаму треба да се организираат и да формираат национална туристичка организација на Република Македонија.

Организациската поставеност на туризмот преку формирање туристички организации за менаџирање на дестинациите се наметнува како неопходност ако сакаме да имаме квалитетен развој на туризмот во Република Македонија.

UNWTO

THEMIS
World Tourism Organization

The World Tourism Organization (UNWTO),
through its UNWTO.Themis Foundation
certifies that

## University of Tourism and Management Skopje

has successfully passed the UNWTO.TedQual audit renewal of the Higher Tourism Educational Programme entitled:

**Tourism 1st cycle**

This Diploma is therefore issued in recognition of its quality in tourism education for all effects and purposes.

*Valid for **three years, until March 2019***

Issued in Andorra la Vella, March 2016

tedQual
UNWTO.THEMIS

Taleb Rifai
Secretary-General
World Tourism Organization

Omar Valdez
Executive Director
UNWTO.Themis Foundation

---

UNWTO
ACADEMY

The UNWTO certifies that:

## University of Tourism and Management in Skopje

Has successfully passed the UNWTO.TedQual audit renewal of the Tourism Educational Programme entitled:

**Tourism 1st cycle**

This diploma is therefore issued in recognition of its quality in tourism education for all effects and purposes.

***Valid for three years, until 15th November 2024***

Andorra la Vella, November 2021

Zurab Pololikashvili
Secretary-General
World Tourism Organization

UNWTO
CERTIFIED
tedQual

Omar Valdez
Executive Director
UNWTO Academy

# ЕКОНОМИЈА

## БЕЗ НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ВО ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР, ЖЕЛЕЗНИЦАТА ЌЕ ЈА СНЕМА

*Катастрофален возен парк, стари локомотиви и пруги, драстично намален број на патници, инвестиции речиси и да нема, а кога патувате со воз, нема да пристигнете на време до дестинацијата до каде што сте упатиле, затоа што постојат огромни шанси возот да доцни, да се расипе или да се појават некакви пречки на пругата. Буквално железничкиот сообраќај во Македонија е пред распад. За тоа кои се причините за ваквата состојба, кои би биле последиците доколку ништо не се преземе, што и како треба да се направи, разговараме со Никола Костов, поранешен генерален директор на Македонски железници- транспорт, правен експерт за меѓународен транспорт, автор на три научни книги од областа на транспорт и логистика и говорник на бизнис форуми во странство.*





Ќе дојде ли во Македонија брзата пруга од север кон југ?
*Извор: mzt.mk*





# Зошто само Македонија нема Железница?

## Држава без железница нема, ниту железница без држава нема

*„Македонски железници во целина, подолг временски период се наоѓа во една тешка ситуација од сите аспекти на работењето, а посебно делот на транспортот. Застарен возен парк од стари локомотиви и вагони во мал број, без никаква инвестиција во набавка на нови локомотиви и вагони, големи долгови кон деловните партнери, мал број на извршни железнички работници од машиновозачи, маневристи, квалификувани стручни работници за поправки во работилниците, голем број на административни работници во службите, поставување на директори и други раководни лица само по основ на партиски избор, без да се спази неговата стручност и компетентност или да се*






Костов: „Државата нема стратегија за развој на Железницата.“



*заборават и да се заобиколат стручните кадри кои што работат во железницата“*, вели Никола Костов за Магазинот за туризам и менаџмент.

И додека во соседните земји, како Србија на пример, се вложуваат огромни средства за развој на железничкиот сообраќај, во Македонија овој сектор е тотално заборавен. Државата нема долгорочна национална стратегија за развој на железницата, ниту пак краткорочни планови во кој правец ќе се развива, дециден е Костов.

*„Секоја држава во светот за сопствениот напредок и развојот на својот транспорт прави долгорочна стратегија и води посебна грижа за железницата, со учество на стручњаци и експерти од областа на науката, стопанството и железницата. Државата треба да биде активен учесник и поддржувач на сите проекти за развојот на железницата, бидејќи само на тој начин со заедничка соработка може таа да се движи напред, но и да се следи напредокот на модерниот железнички развој и приклучокот со регионалните и европски железници. За жал, Македонија, нема изградено своја долгорочна национална стратегија за развој на железницата ниту краткорочни планови во кој правец ќе се развива железницата, односно кој сектор ќе биде приоритетен, товарниот или патничкиот транспорт. Согласно таквата изградена стратегија, државата треба да инвестира во набавката на нови модерни локомотиви и вагони, да инвестира во образование и едукација на млади стручни, инженери, машиновозачи, маневристи, квалификувани железнички работници, раководни лица од сопствени кадри, кои ќе останат во железницата. Да не се дозволи одлив на младите од железницата, да се даде приоритет на вработување млади стручни кадри од единственото стручно средно училиште во Македонија ‚Владо Тасевски‘ во Скопје. Да се инвестира во реконструкцијата на работилницата за поправка на шински возила, како и инвестирање во рестартацијата на единствената фабрика за шински возила во Велес. Во таа национална стратегија треба да се земе предвид и инвестирањето во делот на Македонски железници – инфраструктура, во поглед на изградба*



Зошто само во Македонија не фунцкионира Железницата?
*Извор: mzt.mk*



***и реконструкцијата на модерни и брзи железнички линии со двоен колосек. Примерот од соседна Србија е примерот по кој Македонија треба да се води и да се грижи за својата национална железница бидејќи има една изрека дека држава без железница нема, ниту железница без држава нема"***, вели Костов.

Државата, наместо да напредува, заостанува во секој сегмент од Железницата, пример за тоа е и отсуството на меѓународни линии како што имаше во минатото, за Солун и за Белград. Костов вели дека токму државата треба да се вклучи и да аплицира за фондовите од ЕУ за развој на железничкиот транспорт, да се инвестира во нови локомотиви и вагони, да се изградат модерни железнички пруги. Во спротивно, вели Костов ќе останеме слепо црево, изолирани, заобиколени и отсечени.

***„Македонија потпиша договори за Отворен Балкан со земјите во регионот со слободен проток и транспорт на луѓе и стока, а за жал, во реалноста на железничкиот транспорт веќе подолг временски период нема сообраќај на меѓународни патнички линии и возови до Белград и до Солун. Тешка е ситуацијата и со континуираното редовно одржување на патничкиот сообраќај на домашните линии во Македонија поради недостиг од локомотиви, вагони, почести дефекти кај нив, машински работници, недостиг од резервни делови, лоши услови на железничките станици, хигиената и одржувањето на вагоните, климатизирањето на вагоните и слично. Лошата и застарена железничка пруга која не дозволува голема и сигурна брзина, како една од причините за големите доцнења за тргнување и пристигнување на време на возовите. Сите овие проблеми со кои се соочува железницата, влијаат негативно во патничкиот сообраќај, пред сѐ во намалувањето на бројот на патници секоја година и во губењето интерес да се вози со железница. Тоа значи дека ако продолжи овој негативен тренд во наредниот период со намалување на патници, ќе се изгуби и ќе згасне железничкиот превоз на патници во Македонија. Повторно се враќаме на одговорот од претходното прашање. Државата во соработка со ЕУ, да се вклучи и да аплицира за нејзините фондови***

*за развој на железничкиот транспорт за правилно и наменско користење на финансиските средства за инвестирање во нови и модерни локомотиви и вагони, изградба на модерни железнички пруги со двоен колосек. Само на тој начин ќе го фатиме приклучокот со регионот и со Европа, за да не останеме слепо црево или, во краен случај, да не биде Македонија изолирана, заобиколена и отсечена“*, констатира Костов.

И македонската економија е голем губитник зашто компаниите ја заобиколуваат нефункционалната железница.

*„Освен Македонски железници, голем губитник е и македонската економија, посебно компаниите кои се поврзани со железничкиот транспорт со извозот*



**Македонската економија губи бидејќи компаниите ја заобиколуваат Железницата.**
*Извор: Ристе Камчев*





*и увозот на стоките. Недостигот од локомотиви и вагони, големите доцнења и бавноста на превозот на стока преку нашите пруги, ги намалува не само вкупниот обем на количина на превезена стока, туку и интересот за железницата од самите партнери. Сето ова ги наведува нашите домашни компании да се свртат и да бараат излезни други алтернативи во превозот на стока и тоа со камиони. Тоа значи дека секоја година се намалува железничкиот превоз на стока, а се зголемува обемот на превоз со камионскиот превоз. Воедно за разлика од изминатиот период на постоењето и работењето на големите компании во Македонија кои беа носечки во превозот на нивните стоки со железницата, многу од нив згаснаа или го намалија обемот на своето производство, или го насочија кон камионскиот транспорт поради брзината, цената, сигурноста и флексибилноста“*, вели Костов.

Освен што нема никаква национална стратегија за развој, Владата наместо да носи парцијални политички решенија, треба да ангажира стручни и компетентни лица кои ќе работат за развој на Железницата, апелира Костов.

*„Владата ја стави на маргините или ја заборави Железницата во својата агенда за долгорочен развој и стратегија. Не постои никаков сериозен и студиозен интерес за стратегија во кој правец ќе се развива и како ќе се инвестира во железничкиот транспорт како еден важен сегмент за напредокот на секоја држава. Треба да се ангажираат стручни и компетентни лица кои можат да се вклучат во изработка на една долгорочна студија и стратегија од интерес на Железницата и на државата. Владата носи парцијални политички решенија кои не одговараат на времето и на условите за развој на стопанството и транспортот во целина. Таквите политики на Владата, без правилна проценка на важноста и големината*

***на Македонски железници, ќе доведат до катастрофални последици не само во македонска економија туку и во згаснувањето на железничкиот транспорт. Државата, доколку има интерес, најважното што треба да го направи е да инвестира во реконструкција и во изградба на нови, модерни брзи железнички пруги на делот на Коридорот 10 од Табановце до Гевгелија, набавка на нови и модерни локомотиви и вагони и инвестирање во едукација на сопствен млад стручен кадар“***, вели Костов.

Костов, кој е автор на научни книги од областа на транспорт и логистика, неодамна ја издаде и третата книга, во која се нагласени важните приоритети што секоја држава треба да ги преземе за секој вид на транспорт.

***„Третата книга носи наслов ‚Транспорт и логистика‘, во неа се содржани дел од научната литература која се однесува за значењето и важноста на транспортот за развојот на секоја економија и држава. Нагласени се важните приоритети што треба да ги преземе секоја држава за секој вид транспорт, нивните посебни карактеристики, предности и слабости. Во книгата се дадени и предлози и решенија за развојот на транспортот во Македонија, а посебен осврт е даден за моите сугестии за Македонски железници, базирани од моето знаење и искуство. Книгата е наменета за студентите од областа на економијата и правото како и за менаџерите од областа на транспортот и меѓународната трговија“***, вели Костов.

На прашањето дали верува дека еден ден во Македонија ќе се возат модерни возови, по брзи пруги, како во останатите развиени земји, Костов вели дека државата треба итно да подготви национална стратегија за развој на железничкиот транспорт, единствена и долгорочна. Со вклучување во ЕУ-агендата за стратешки развој на железницата, да се фати приклучокот за Европа, што треба да биде приоритет за опстанок и надеж за иден развој на Македонски железници.



**Владата ја заборави Железницата.**
*Извор: mzt.mk*









# ХРИСТОСКИ: „НАПРАВИВМЕ ГРАД СО ДУША КОЈ СИТЕ ПОСЕТИТЕЛИ ПОВТОРНО ГО ГЛЕДААТ СО ЉУБОВ

**Крушево, градот на Карев, на Питу, на Даме и на илјадниците борци за национална и самостојна македонска држава, подготвено го дочекува Илинден, најголемиот национален празник. Крушево годинава одбележува значајни јубилеи: 120 години од дигањето на востанието и 70 години од носењето на моштите на Никола Карев во овој град, а со тоа и од отворањето на Крушевскиот музеј во 1953 година.**

**Илинденскиот марш е најголемата симболика на Илинденското востание. Над 40 коњаници го изодеа патот на црешовото топче до славното Крушево. Традиција стара скоро пет децении, секој Илинден, коњскиот ôд низ различни краишта од земјава потсетува на почетокот на револуцијата за слободна Македонија.**

# ИНТЕРВЈУ СО ТОМЕ ХРИСТОСКИ

## *Градоначалник на Општина Крушево*




**Илинденски марш.**
*Извор: Здружение на граѓани Илинденски Марш Горно Лисиче*

**Граѓаните на Македонија ја прославија 120-годишнината од Илинденското востание и од Крушевската Република. Овој празник за Крушево претставува гордост, но за вас како градоначалник и обврска да се одбележи достоинствено како што доликува. Кога започнаа подготовките и колку луѓе беа вклучени во тимот?**

Точно пред 120 години нашите славни предци од Илинденското востание и од заседанието на АСНОМ, ги поведоа граѓаните кон слобода, независност и единство и ги поставија темелите на современата, независна и суверена македонска држава, признаена од целиот свет. Оваа година е јубилејна за нас, се подготвуваме постојано, од почетокот на тековната година. Општина Крушево ги стави во функција сите свои инфраструктурни и човечки капацитети за да овозможиме реализација на богати културни содржини во текот на целата година, како и меѓународна поврзаност и соработка во рамките на културата.

**Инцидентите беа неизбежен дел од прославата на празникот во изминативе години. Од таа причина, преку соопштение баравте достоинствено одбележување на Илинден потенцирајќи дека е наша одговорност да го славиме и да го чуваме споменот на илинденците, создавањето на нашата држава. Истовремено е и наша должност, која треба да им ја пренесеме на помладите генерации. Зошто на прославата некој заборава на достоинството? Дали е тоа резултат на индивидуални убедувања на поединецот или на сè поголемиот јаз помеѓу политичките партии и нивната реторика?**

Кога зборуваме за Крушево, зборуваме за сопствената историја, традиција и култура. Затоа, имаме обврска да се однесуваме одговорно кон нашата култура и традиција, да го чуваме и да го заштитиме нашето богато културно наследство и да придонесуваме кон одржлив културен развој на земјата, насекаде и за сите граѓани еднакво.

**Во пресрет на илинденските чествувања и одбележувањето на 120-годишнината од Илинденското востание и од првата Република на Балканот, со Министерство за култура потпишавте договор со кој го поддржавте здружението „Илинденски марш“ на коњаницата која традиционално секоја година тргнува од Лисиче до Крушево. Здружението оваа година слави 45-годишнина. Коњаницата се пропратен и неминовен дел од манифестацијата НКС „10 дена Крушевска Република“. Може ли да ни опишете дел од традицијата и атмосферата кои ја создаваат тие во градот?**

Коњаницата за Крушево има огромно значење. Тие се хероите на новото време во кое живееме, личности кои со својата храброст секоја година на автентичен начин ја пренесува пораката за издржливоста и упорноста на борците за слободна, независна и самостојна Македонија. Имајќи ја предвид нивната важност и значење за македонската култура и традиција, таа поддршка за здружението ќе продолжи и во иднина.

**Крушево официјално е прогласен за Град на културата за 2023 година. Најавивте дека тоа ќе биде целогодишната прослава на уметноста, историјата и на живите традиции. Кои активности од агендата ги реализиравте, а кои допрва следуваат?**

Направивме град со душа кој сите посетители повторно го гледаат со љубов. Во програмата на манифестацијата „Крушево – град на

КРУШЕВО 2023
ГРАД НА КУЛТУРАТА

*Извор: kultura.gov.mk*

културата“, во текот на целата година планирани се 60 сценско-музички, ликовни, поетски и други културни манифестации.

Нѐ очекуваат голем број спортски, културни, музички настани и манифестации во текот на целата година. Реализиравме доста настани, во програмата имавме вклучено театарски претстави за деца, со дрвени столици, черги, чаршафи, староградска музика, детска игроорна група. Во центарот на Крушево имавме настан „Звукот на старата крушевска чаршија“, за кој добивме многу позитивни коментари, прославивме 10-годишнина од театарот во Крушево, отворање етносаем, проекции на филмови, саем за храна и пијалаци, презентација на мултимедијален проект „Керамикум во мермер“, концерт посветен на нашиот Тоше Проески, претстава на македонски знаковен јазик, детски музички фестивал.

**„When in Krusevo“ е синоним за летна адреналинска авантура, фестивал кој на едно место обединува музика, спорт и култура. Целта на манифестацијата е промовирање на крушевскиот живопис полн со природни убавини и спортски атракции. Колку сте задоволни од реализацијата и кој е бенефитот од настанот?**

Во Крушево по седми пат, од 30 јуни до 2 јули се одржа фестивалот „When in Krusevo“, кој обединува музика, спорт и култура. Целта на фестивалот е промовирање на крушевските убавини преку поттикнување на адреналинот и желбата за слободно дружење, каде што живописната култура на градот го зазема главното место за гостопримство и чувство на топлина.





*Извор: Wheninkrusevo.mk*




**Спомен куќа ТОДОР ПРОЕСКИ.**
*Извор: wikimedia.com*

**Спомен куќата на Тоше Проески, неговото вечно почивалиште и манастирот Преображение, се причина за раст на посетеноста на Крушево од страна на туристите. Дали во план се активности поврзани со зачувување на ликот и делото на легендарниот пејач?**

Оваа година успешно се завршени 13-тиот меморијален меѓународен турнир во мал фудбал „Тоше Проески 2023" и пливачкиот маратон во далечинско пливање „Тоше Проески", кој се одржува на Крушевското Езеро. Исто така, во Крушево се одржа настан со кој го означивме 23 јуни – ден кој е особено значаен за Тоше. Посебен ден во неговата кариера. Ден на кој е запишан неговиот втор голем концерт кој се одржа на 23 јуни 2006 на Градски стадион, а кој сега е именуван по неговото име, арена „Тодор Проески". Во август нѐ очекува меѓународниот натпревар на ФИС ролерски купот „Тоше Проески", со што во знак на хуманоста го одбележуваме секој роденден на Тоше. Тоше има само датум на раѓање, а ние ќе апелираме овој ден на хуманоста да се одбележува на ниво на цела држава, а не само во Крушево. Секоја година ги пречекуваме ултра маратонците кои трчаат во чест на Тоше од Нова Градишка до Крушево. Одржуваме низа музички настани и постојано ја уредуваме улицата Тодор Тоше Проески во Крушево на потегот од кафулето „Планет" до главната транзитна улица. Со 24-часовно слушање прекрасна музика на нашата поп-икона, која доаѓа од канделабрите по уличката и од одличниот амбиент, покрај цвеќето секој би се почувствувал божествено.

**Прв пат во историјата на Македонија**

**Меѓународен натпревар „Фис ролер ски куп Тоше Проески."**
*Извор: mkdski_toshe-proeski_4 mkdski*



**една општина доби признание во областа туризам како „Супербренд Општина за 2017/2018“. За да се сочува тој епитет, потребни се идеи, планови, проекти, многу работа, но и пари. Каква е соработката со централната власт? Има ли шанса да се стигне до европски грантови?**

Ние сме првата општина која го доби приматот „Супербрендс“, а тоа значи поефикасна промоција на потенцијалите на Крушево преку употребата на логото на „Супербрендс“. Одликувањето со „Супербрендс“ ќе придонесе за поголема видливост и подобар впечаток кај потенцијалните туристи. Општина Крушево ја има централна власт за свој партнер и пријател. Постојано ни даваат поддршка во однос на финансирање проекти, стимулација, преку законски решенија и преку проекти, да продолжиме по правиот правец.

**Проблем за градот е и водоснабдувањето. Од кои причини и постои ли начин да го санирате?**

Водоснабдувањето е горчлив проблем за крушевчани, затоа постојано се трудиме и работиме на зафаќање на дополнителни извори на вода и нови каптажи, како и реконструкција на постојната линија и постојните каптажи за потребите на населението.

**Имате индустриска зона, но нема инвеститори. Како да се дојде до нив, со чија помош и на кој начин?**

Во индустриската зона Опаленик има индустриски комбинат за откуп и преработка на тутун „Секе“, потоа има фабрика „Еуропрофил“. Преку силната поддршка на компаниите, придонесовме за раст на инвестициите, намалување на невработеноста и отворање нови и добро платени работни места во Крушево. Но, сепак, постојано како локална самоуправа праќаме барања до домашни и странски инвеститори за отворање нови фабрики и проширување на постојните. Преку планираните активности, проекти и реализацијата на конкретни чекори за инвестирање и дополнителен развој на туризмот, нашата Општина сигурно чекори кон мапата на популарни туристички дестинации во земјата, но и пошироко!

**Како би го опишале животот во Крушево и секојдневието на крушевчанецот?**

Крушево е македонски бисер. Кој го посетил нашиот град, знае за мирот и убавините кои само тука може да се почувствуваат. Иако е работен ден, луѓето се раздвижени, има и доста туристи кои од раните утрински часови поаѓаат во разгледување на градот.

Крушево со своите природни убавини, планинската поставеност, спомениците како сведоци на богата историја, традиционална кујна и гостољубивоста на крушевчани, секојдневно привлекува како домашни, така и странски туристи. Освен уживањето на скијачките терени во зима, велосипедските стази преку целата година, риболовот на езерото, шетањето по коријата и низ улиците на градот, планинската позиција за еден екстремен спорт го издигна на трето место во светот како центар за параглајдинг.

Крушево има многу нешта по кое е препознатливо – од специфичната македонска архитектура, чистиот воздух, богатата традиционална трпеза, локумот и целувките и, секако, историјата вткаена на секој чекор во бројните споменици.

Ве покануваме да нè посетите и да уживате во убавините на нашиот град!

**Христоски: „Како локална самоуправа праќаме барања до домашни и странски инвеститори за отварање на нови фабрики и проширување на постојните.“**



# РЕПОРТАЖА




Денот на Свети Илија – Илинден, претставува голем православен празник и значаен македонски национален празник. Се празнува на 2 август, а по стар стил на 20 јули. Македонскиот народ ја обзнанил македонската борба за слобода во 20. век на два Илиндени, во 1903 и во 1944 година. Со децении Илинден се празнува преку традиција во која се зачувани духовни, револуционерни и фолклорни мотиви од колективната свест на Македонците. Освен Илинденското востание во 1903 и Првото заседание на АСНОМ во 1944 година, и пред нашата ера е забележана воена победа на Македонците, токму на 2 август. Во 338 година пред нашата ера, војската на Кралството Македонија, предводена од Филип Втори Македонски, во Херонеја ги победила здружените војски на Теба и на Атина.

# МАКЕДОНИЈА ГО ПРАЗНУВА ИЛИНДЕН – СВЕТЛИОТ ДУХОВЕН И НАЦИОНАЛЕН ПРАЗНИК НА МАКЕДОНЦИТЕ



Свети Илија е еден од најголемите пророци во историјата, кој живеел во 9. век пред нашата ера. Според Откровението на Свети Јован Богослов, Свети Илија ќе се појави уште еднаш – пред крајот на светот. Македонската народна традиција зачувала верување дека Свети Илија е клучар на небото, што е директно поврзано со житието на пророкот и е зачувано како спомен во народни песни и преданија. Одамна Македонците го сметале Илинден за тежок празник на кој не се работи и со кој се поврзани народни верувања и обичаи. Марко Цепенков забележал предание за борбата на Свети Илија со ламјата, кога ја бркал со кочијата за да престанат грмотевиците. Спространов запишал верувања во кои исто така е запаметена борба со ламјата, а Шапкарев оставил записи за еснафските празнувања на Илинден. Предание од гевгелискиот крај го прикажува Свети Илија со боздоган, во охридско се правеле тркала од неисушени ќерамиди за да наликувале на колесницата на Свети Илија со цел да се повика дожд за бериќет, во кумановско и овчеполско на Илинден не се работи поради страв од громови, а низ цела Македонија Свети Илија



Свети Илија - стара фреска од Овче Поле.




**Митинг на Илинденска организација во Софија.**
*Извор: 123rf.com*

е познат и како громовник. Песни и верувања за Свети Илија се запишани и во Зборникот на Миладиновци, и во народното творештво запишано од преродбениците од крајот на 19. век од скоро сите краишта на Македонија.

Неговите карактеристики во народните преданија наликуваат на скандинавскиот Тор, словенскиот Перун и античкиот Зеус. Овој голем пророк е споменат и во Талмудот и Куранот. Во христијанската религија, за Свети Илија пишува во Стариот завет од Библијата. Во Македонија постојат многу стари цркви посветени на Свети Илија, а неговото вознесување на небото и давање на наметката на одбраниот наследник Елисеј е претставено и на повеќе икони и фрески во македонските цркви.

Пред 120 години, на ден Илинден било кренато востанието на Македонскиот народ, познато како Илинденско востание, за време на кое била создадена 10-дневната Крушевска Република, првата република на Балканскиот Полуостров. Илинденското востание претставува наследник на организираните востанија на македонскиот народ во втората половина на 19. век, како Македонското востание (познато како Кресненско), Разловечкото востание, Брсјачката буна, активностите на анархистите познати како Гемиции, и други буни и востанија на непокорните Македонци. Од оваа временска дистанца, вреди да се погледне кон ставот за востание на големиот револуционер Гоце Делчев, кој не го дочекал востанието, кон судбината на Никола Карев и неговото семејство, кон судбините на Груев и Сарафов, кон резултатите од жртвата на Питу Гули и многуте знајни и незнајни јунаци, но и кон последиците од востанието, бидејќи по 1903-тата, се случил еден од најголемите терори во историјата на Македонија како одмазда поради кренатото востание. Сепак, јунаштвото и свеста на Македонците од крајот на 19. и почетокот на 20. век има важна улога во развојот на настаните во овој дел на Европа. Илинденското востание и Крушевската Република, 120 години подоцна, со саможртвата на Македонците од 1903-та се слават како еден од најсветлите спомени од богатата историја на Македонија и на македонскиот народ.

41 година по Илинденското востание, во манастирот Свети Прохор Пчински се одржало Првото заседание на АСНОМ – Првото антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија. Заседанието било отворено со изведување на „Изгреј зора на слободата" и говор на сведокот на двата Илиндени, највозрасниот делегат, Панко Брашнаров. Од неговиот говор, зачуван во целост, јасно се чита свеста на Македонците кои живееле во првата половина на 20-от век:



**Обраќање на Панко Брашнаров.**
*Извор: republika mk*

***„Во овој момент, во ова историско место Св. Отец Прохор Пчински и на овој историски ден – Илинден, кога објавувам дека е отворено првото Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија, душава ми е преполна со радост и пред премрежените очи гледам како се раздвижиле сите реки од Пчиња до Вардар до Места и до Бистрица, заплискувајќи ја целата македонска земја, сакајќи од македонскиот народ да го измијат десетвековниот ропски срам од пропаста на Самоиловата Држава, за да се роди денеска нова, светла и слободна македонска држава.***

***Во овој момент, земјата на нашите покојници – многубројни народни херои, кои што паднаа и ги посеаја коските по цела Македонија, им станува полесна и тие во мир веќе го гледаат изгревот на нашата слобода, ја гледаат идеалната дружба на старите илинденци – на Гоце Делчев и на денешните илинденци - младата македонска војска, и поставените темели за остварувањето на идеалот, на две поколенија, на две епохи – слободна, обединета Македонија. Во знак на почит кон паднатите јунаци, ве поканувам да им ја изразиме со едноминутно молчење нашата вечна, бескрајна благодарност. Вечна слава на паднатите херои за слободата на Македонија!"***



**Членивите на Президиумот на АСНОМ.**
*Извор: macedoniantestimony.blogspot.com*



На првото заседание на АСНОМ бил избран и Президиумот, на чело со Претседателот Методија Андонов-Ченто и неговите заменици Панко Брашнаров и Емануел Чучков.

Денес, во првата половина од втората деценија на 21 век, го празнуваме денот на Свети Илија и споменот за македонската борба за слобода во 1903 и во 1945 година. Современата Македонска држава Република Македонија одржува настани на Мечкин Камен во Крушево и во Пелинце, каде што се наоѓа Меморијалниот центар на АСНОМ, изграден откако започнале проблеми со прославувањето во манастирот Свети Прохор Пчински, кој денес е во границите на Србија.

Вреди да се спомене дека за време на Втората светска војна, во тек на неколку години, повеќе големи акции биле изведени токму на Илинден.

**Меморијалниот центар во Пелинце.**
*Извор: wikimedia.org*





През миналата седмица от София бяха изпратени за Македония костите на голямия македонски революционер Гоце Делчев, които от сега нататък ще почиват в Скопие— столицата на земята, за която той даде живота си.

Извор: fokus mk



Подвигот на комитите од 1903 година се слави преку традиционалниот Илинденски коњанички марш и планинарските пешачења од Скопје до Крушево.

На 2 август 1923 година, под покровителство на Организацијата предводена од Тодор Александров, ковчежето со моштите на Гоце Делчев било изнесено од домот на Михаил Чаков во црквата Света Недела во Софија на 10-дневно поклонение, по што биле изложени во канцеларијата на Македонското братство „Илинден“, од каде што во 1946 година биле пренесени во дворот на црквата Свети Спас во Скопје.

20 јули и 2 август се поврзани и со еден од најголемите настани во светската историја кои се случиле во Македонија – според историчарите, на 20 јули 356 година пред нашата ера се родил синот на Филип и Олимпија – Александар Македонски.

Низ цела Македонија се наоѓаат и многу стари камени крстови каде што народот и ден денес се собира на Илинден.

**За многу години, Македонци!**



Од житието на Светиот Пророк Илија (извор: МПЦ-ОА)

*...пред да се вознесе го зеде Елисеј и го одреди за наследник во пророчката служба; со својата наметка го пресече Јордан; и најпосле беше земен на небото во огнени кочии со огнени коњи. На Тавор заедно со Мојсеј Му се јави на Господ Исус Христос. Пред крајот на светот Илија повторно ќе се јави за да ја сотре силата на Антихристот (Откр. 11).*

Тропар: ***Ангел во тело, темел на пророците, втор претеча на Христовото пришествие, славниот Илија, кој одозгора му испрати благодат на Елисеја, болести да лекува, лепрозни да очистува. Затоа и на оние што го почитуваат им дава исцеленија.***

Кондак: ***Пророче и предвидувачу на великите дела на нашиот Бог, Илија со големо име, кој со твојот збор ги задржа водоносните облаци, моли Го за нас единствениот Човекољубец.***

# ДЕЛЕГАЦИЈА НА УТМС ВО ПОСЕТА НА КРУШЕВО






„Смрт или слобода за Македонија", слоганот на илинденската чета пред споменикот Македонуим.



Со „Илинденски марш“ 2023.

Положување цвеќе на споменикот Крипта.






Интервју на ректорот на Универзитетот Скопје, проф. д-р Аце Миленковски.



Поклон пред 40. паднати Илинденци во месноста Слива.

# ДУРБИН



## ХАОС НА АЕРОДРОМИТЕ – ЛЕТОВИТЕ СЕ ОТКАЖУВААТ, КУФЕРИТЕ СЕ ГУБАТ

Се подготвувате за патување. Со часови пеглате гардероба, внимателно ја диплите за да собере што повеќе парчиња во куферот, ставате средства за орална и друга хигиена и слични ситници, го мерите куферот колку тежи за да не доплаќате, земате пасош, картички и доволно пари, нарачувате такси до аеродром. И по неколку часови сериозни подготовки, конечно стигнувате на аеродром. Се разбира, два часа пред полетувањето. Ако не важат Ковид-мерките. Ако важат, и повеќе часови пред полетувањето на вашата птица со челични крилја.

И само што сте го испиле апчето за смирување (поради стресот со летањето и одамна научениот мит за Икар) со чашата вода, која што на аеродромите чини колку 2 литри вода во продавница, дежурниот спикер на аеродромот јавува дека токму вашиот лет е откажан. И што сега?




**Летовите се откажуваат - причини безброј, одговори малку.**
*Извор: airliners.net*



Ваква судбина летово (а и секое друго лето) делат огромен број патници, кои се одлучуваат на овој начин да патуваат на својата одбрана дестинација. Причини – безброј. Одговори – малку. Процедури – познати. Пенали за авиокомпаниите – да, околу 600 евра ако успеете некогаш да им ги наплатите. Висината на оштетата, замислете, зависи од далечината на која сте требале да патувате, а не од големината на стресот и од интензитетот на загубените нерви.

За летови до 1.500 километри, ви се рефундираат само 250 евра, а максимумот од 600 евра важи само за летовите кои полетуваат од Европа и се подолги од 3.500 километри! Ако пропадне летот, некои авиокомпании ги рефундираат парите, а некои не. Зависи каква ви е среќата. А има и одредени правила, кои не е лошо да се знаат. Ако доцнењето на авионот е помалку од два часа, сите патници имаат право на храна и пијалак. Веројатно станува збор за некој смешен ланч-пакет. Ако пак се откаже летот, авиокомпанијата треба да ве информира што понатаму и кои се законските правила на игра во такви случаи, да ви обезбеди хотелско сместување, како и превоз до таму, да ви овозможи две бесплатни телефонски јавувања и праќање пораки и да ви ја надомести материјалната штета.

Прогнозите на ревносните аероматематичари велат дека во наредните осум недели треба да се очекуваат околу 33 илјади летови дневно, што е повеќе за 8% во однос на претходната година.

И летово се случува вистински хаос на аеродромите низ Европа и во светот. Поради штрајк, во Италија се откажани илјада летови. Главните аеродроми се парализирани, а од ситуацијата се погодени неверојатни

250 илјади патници. Веста е од 16 јули оваа година, а Танјуг објави многу интересна фотографија од аеродромот „Фјумичино“ во Рим, на која мајката се држи за половината и се чуди што ќе прави со откажаниот авионски лет, а малечкото девојче до неа прави стој на раце! Италијанското здружение за заштита на потрошувачите пресметало дека се милионски направените штети поради откажувањето или доцнењето на авионските летови. На почетокот на јули е забележан и општ хаос на аеродромите во САД, при што се откажани или поместени околу 3.000 авионски летови. Причината бил рекордниот број патници пред прославата на националниот празник Денот на независноста. Според американската Управа за безбедност во сообраќајот, тој ден на аеродромите во САД е забележан најголем број патници во историјата. Како друга, екстерна причина, се наведуваат и временските услови. На истокот на САД беснеела бура, а на југот и на западот – владееле големи горештини. Тоа предизвикало огромен притисок врз системот, што резултирало со откажување на голем број авионски летови.

Причини за авио-проблеми има безброј, колку и човечки судбини. Најчесто се споменуваат следните: недостиг од персонал на аеродромите, штрајкови, бури, проблеми на аеродромите се преобемниот патнички сообраќај, но и бизарни причини, од типот на блокирање на аеродромски писти од страна на климатски активисти, што пред некое време беше случај на два германски аеродроми. Чаре? Мерки? Решенија?
Има повеќе идеи како да се надмине аеродромскиот хаос, од типот на: да се стави ограничување на бројот на патници или да се побара од авиокомпаниите да ја ограничат продажбата на билети. Непопуларни и непопулистички мерки, во секој случај.

Во меѓувреме, луѓето не спијат, па дури и направиле ранг-листа на најдобри и најлоши аеродроми во Европа, според процентот на доцнења, прекини и пренасочувања. Па, така, според процентот на нарушени распореди на летови, најлоши се аеродромите во Лондон („Гетвик“), Лисабон („Хумберто Делгадо“), Копенхаген („Каструп“), Париз („Шарл де Гол“)“, Анталија, Истанбул („Сабиха Гокчен“)




**И летово се случува вистински хаос на аеродромите ширум Европа и во светот.**
*Извор: voanews.com*

– токму по овој редослед, а најдобри се и најмалку доцнат аеродромите во: Хелсинки, Дизелдорф, Осло, Варшава, Виена итн.

Друга тема е изгубениот багаж. Не помалку непријатна. Таа приказна има две можни сценарија. Првото е кога ќе пристигнете на посакуваната дестинација, некаде во странство, и ќе ви кажат дека немате ништо освен тоа што сте го облекле тој ден. Можности има две, а можеби и три: да чекате да ви го најдат и да ви го вратат куферот и да седите во истите алишта со денови – што секако не е благопријатно ни за себе, ни за околината. Можност два: да појдете во најблискиот трговски центар и да си купите нова гардероба, од маици и гаќи, преку панталони и кошули, па сè до чорапи. Што е возбудлива, но скапа опција. Или да позајмите гардероба од роднините каде што сте на посета, ако носите ист или сличен конфекциски број. И ако не сте некаде на посета, туку сте во хотел – тешко дека некој од персоналот ќе се понуди да ви позајми или да ви подари некои свои алишта. Има две можни разврски, како и во секој филм. Една Романка која дојде во посета во Македонија, ја снашле двете сценарија.

„Мојата релација беше Тенерифе – Барселона – Белград – Скопје. Кога слетав во Македонија, сфатив дека ми го нема багажот. Поточно куферот со облека и со подароци за роднините. Се надевав дека ќе ми стигне со следниот лет од Белград. Но, багажот не го пронајдоа една недела. Мои пријатели од Белград отидоа до аеродром и успеаја да дознаат дека куферот е таму. Им рекле дека мора лично да го подигнам. Морав да купам гардероба додека престојував во Македонија. На враќање се пријавив на белградскиот аеродром и не ми го дадоа куферот. Ми рекоа ќе ми го испратат на домашна адреса. Кога слетав на Тенерифе, повторно ми го немаше куферот. Пријавив и ми рекоа дека ќе ми го испратат дома“, вели таа.

Среќен крај и тажен. Во првиот случај, ќе го најдат и ќе ви го вратат куферот, но ќе морате повторно да одите до аеродром за да си го земете. И во вториот случај – засекогаш ќе се збогувате од омилените парчиња гардероба и ќе ги заборавите.



**Патниците се жалат дека багажот им е изгубен.**
*Извор: lonelyplanet.com*



Љупка Делева, уметник.



# „31 МАКЕДОНСКИ УМЕТНИК ЗА ВЕНЕЦИЈА“

Раскошниот талент на македонските уметници беше претставен на изложбата наречена „31 македонски уметник за Венеција“, која се одржа од 18 до 31 јули во градот на гондолите во Италија.

Проектот по идеја и со кураторство на Љупка Делева, имаше за цел да ја продлабочи културната и уметничка соработка меѓу Македонија и градот Венеција, еден од најуникатните градови во светот, кој со својата импозантна и турбулентна историја пред сѐ е познат како град колевка на уметноста.

Идејата за овој проект се роди во 2019 година, кога Венеција беше зафатена од поплава во огромни размери и со големи материјални штети. Тогаш, на апелот за добротворна изложба како израз на солидарност на Љупка Делева, триесетина македонски истакнати визуелни уметници подарија свои дела со кои покажаа емпатија и солидарност со италијанскиот народ.
Тоа се уметниците: Ладислав Цветковски, Микица Трујкановиќ, Симонида Китановска, Нада Прља, Љупка Делева, Жанета Гелевска Вељановска, Гоце Наневски, Александра Димитрова, Крунислав Стојановски, Ана Спасова, Марина Лешкова, Страхил М. Петровски, Јана Манева Чупоска, Ана Трајковска, Ива Станковска, Дарко Марковиќ (донација од Соња Абаџиева), Дијана Томиќ Радевска, Александар Таневски, Зоран Јакимовски, Борис Шемов, Венко Цветков, Колектив Зеро, Дороти Пачкова, Ленче Ламбевска Гулевска, Маја Димитрова, Дарко Аницин, Гордана Винчиќ, Таневска Тања, Предраг Тасиќ, Новица Трајковски и Виолета Чаповска.

Заради ситуацијата предизвикана со пандемијата со Ковид 19, замислената аукција од солидарен карактер не се реализираше, така што првичната идеја се преобрази во класична изложба со претставување на уметниците пред венециската јавност. Ова е единствен настан од културно значење во последните 20 години во Венеција иницирaн од поединец и ликовен уметник, како што е Љупка Делева. Нејзината цел е да ја промовира својата земја и нејзините културни и уметнички богатства, како и своите колеги-уметници, но и своите сограѓани Македонци кои живеат и творат во Италија. Делата кои беа изложени во палатата Пизани - Реведин



**Дел од делата од изложбата „31 македонски уметник за Венеција“.**



лоцирана во близина на мостот Ријалто ќе бидат распоредени во музеите во сопственост на Градот Венеција.

Комплетната логистика, подготовка, кураторство и маркетинг беа во целосна организација и изведба на Љупка Делева. Изложбата доби покровителство од Општина Венеција со истакнување на логото и влез во листата на градски културни настани „Градови што слават“ за 2023 година, но и со морална поддршка од претседателката на Советот на градот Венеција, Г-ѓа Ермелинда Дамјано. Делева на отворањето ги претстави своите две сонароднички: Ирена Павлова де Одорико, нашата позната писателка, критичар и новинар која живее во Венеција, која читаше сопствена поезија на македонски и на италијански јазик, а италијанско-македонската фамилија Гарбин Јовановски од Венеција раскажа како се роди нивната идеја да се создаде италијанска верзија на хитот од Дац и Александар „Уште ми фалиш“ и соработката со афирмираниот македонски оперски пејач во Италија, тенорот Благој Нацоски, препеана под името „Mi manchi ancora“, како и за нивниот стартап „Мама рент“.

Љупка Делева е визуелен уметник, позната на македонската јавност по многубројните самостојни и групни изложби во земјата како и во Венеција, каде што живее од 2001 година. Ова е прв нејзин проект во улога на куратор, но и учесник на изложбата, плод на љубовта кон родната земја, но и своевиден мост меѓу земјата од каде што потекнува, и нејзиниот втор дом, Италија. Таа во мај оваа година беше избрана за културен амбасадор на ДЛУМ – Друштво на ликовните уметници на Македонија, во Венеција и во Италија. Оваа изложба ѝ ја посветува на својата мајка, Соња Ѓиздавиќ.

**Љупка Делева и Благој Нацоски.**



# ИДНИНА

## Интервју со Филип Талески, македонски ракометен репрезентативец









# ТАЛЕСКИ: УЧАМ НА НАЈДОБРИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ДА ИМАМ ИДНИНА И ПО СПОРТСКАТА КАРИЕРА



**Македонскиот ракометен репрезентативец Филип Талевски, кој важи за најдобар десен бек во земјава, е прва година на Универзитетот Скопје на Меѓународен маркетинг и менаџмент. Оваа насока ја одбрал зашто гледа најголема перспектива за себе по завршувањето на професионалната кариера.**

**Беше дел од тимовите Металург, Рајн-Некар, Ловен, Балинген, и по три и пол години поминати во Германија, се врати во Скопје, во екипата на Вардар.**

**Дресот на Вардар го носеше со гордост три години. Сега е дел од португалската Бенфика. Во брак е со Ена, поранешна ракометарка. Родители се на две деца Софиа, (4 години) и Мариа 9 месеци.**

**Спортската индустрија напредува од ден во ден, конкуренцијата е сѐ поголема и пред спортистите се поставуваат повисоки критериуми и барања. Тоа се покомплексни тренинзи, поинаков пристап кон животните навики и пронаоѓање начин како да се продолжи спортската кариера. Вие ги постигнавте тие критериуми, што резултираше со понуда од РК Бенфика, Португалија. Какви се впечатоците од Лисабон и од првото добредојде во клубот?**

Сѐ е резултат на напредокот на медицината во спортот. Во поодминатите години, по некои тешки повреди требаше многу подолг период за оправување. Меѓутоа, сега сѐ е тоа многу побрзо. Да, точно така, многу се поголеми конкуренцијата и бројот на играчите, но како се вели: за секого има место под ова сонце. Секој спортист си има свои навики и тие треба да ги вклопи во системот на клубот. Бенфика како клуб има многу голема традиција зашто се заедно со сите останати



Сопругата Ена и ќеркичките Софиа и Мариа, најголемата поддршка на Филип.



спортови. Тоа е голема спортска големина во спортот. Кога бев и во Германија, не добив ваков третман како сега во овој клуб.

**Потребна е голема посветеност на спортистот за да постигне успех, а тоа води до занемарување на другите аспекти од животот. Како вашата сопруга се вклопи во тој начин на живот и колку има разбирање за професијата? Ве смени ли многу и улогата на татко?**

Секој спортист дава голема жртва за да успее како професионален спортист. Жртвата е голема, но затоа имаат големи бенефиции во животот, почнувајќи од тоа што ќе имаат секогаш здрав живот, па сè до тоа што ќе се чувствуваат многу убаво дека постигнуваат големи успеси. Сопругата исто така беше ракометарка и затоа немаше проблем да се вклопи во целата наша заедничка приказна. Створивме семејство, двајцата млади, и тоа нè направи заедно да бидеме посилни и да се бориме со сите предизвици во животот. Улогите на родители и двајцата нè направија многу посилни и заедно сме си огромна поддршка еден на друг.

**Спортистот е свесен и навреме размислува за животот по кариерата, успева да ги испланира своите активности и да си осигура поддршка за што побезболен процес на приспособување по спортот. Вие тоа го сторивте уште додека сте на врвот од кариерата. Зошто се одлучивте да студирате токму на Универзитетот Скопје? Со што Ве привлече неговата програма?**

На секој спортист му е кратка кариерата и нормално е да размислува што ќе прави по кариерата и со што ќе се занимава. Ние планираме да се стационираме некаде каде што ќе се чувствуваме најубаво. Истовремено каде што ќе биде и најубаво за нашите нашите деца. Го избрав Универзитетот Скопје зашто има многу убави насоки каде што можеш да се надоградиш и по мојата кариера да имам бенефит од тоа што ќе го научам од почитуваните професори. Сепак, треба да бидеме спремни секогаш за сè. Не се знае со што ќе се занимаваме по завршувањето на кариерата.

**Која насока ја одбравте и зошто? Која година сте на студиите?**

Јас сум на Меѓународен маркетинг и менаџмент. Оваа насока ја одбрав зашто гледам најголема перспектива за мене по кариерата. Јас сум прва година.

**Кога и како ги подготвувате вашите испити? Тешко ли е да се студира на овој Универзитет?**

Малку е проблематично за подготовки, зашто немаме доволно слободно време за

да седнеме и квалитетно да учиме подолг период, но секогаш се наоѓа време и да се научи зашто тоа ни носи сè во животот. Како и на сите универзитети, така и на овој, но со разлика што на Универзитетот Скопје имаш многу поголеми бенефиции.

**Имаат ли разбирање професорите на Универзитетот Скопје за Вашите чести патувања, тренинзи, натпревари и отсуства од Скопје?**

Да и многу сум им благодарен за тоа, зашто навистина разбираат и секогаш излегуваат пресрет, за да можеме да завршиме сè како што треба. Секое слободно време заеднички наоѓаме решение за сè што треба.

**Коментираат ли професорите за вашите натпревари? За дадените голови и промашените зицери? За победите и поразите? Навиваат ли за вас?**

Секако дека разговарам. И секој пат кога ќе се видиме на факултет, почнуваме со такви разговори, а потоа се префрламе на работа и тоа што треба да се направи за наше добро.

**Како ја замислувате својата иднина? Како тренер во некој клуб или би сакале истовремено да ја искористите и дипломата?**

Не можам да кажам дали ќе бидам тренер по кариерата и не знаеме патот каде ќе нè однесе, но затоа учам на најдобриот универзитет за да имам иднина и по кариерата со дипломата од факултетот.

**Што би им порачале на генерацијата на новите студенти, кој е бенефитот ако се запишат на некој од факултетите на Универзитетот?**

Сите што се во можност да се запишат на овој универзитет, веднаш да го направат тоа, зашто нема да погрешат и ќе бидат задоволни од сè. Имаат многу опции за да се пронајдат во една од нив и со тоа да си обезбедат сè за во понатамошниот живот. Ги имаат најдобрите професори и ќе ги научат пред сè да бидат многу подобри луѓе, а потоа и како да си го олеснат својот живот.

**Какво е чувството да се бранат боите на Македонија? Кои мисли Ви прелетуваат низ глава додека ја пеете македонската химна на секој натпревар?**

Да се носи дресот на нашата татковина Македонија е гордост и светост. Секогаш кога ќе ги слушнеме зборовите на нашата химна, тие се посебна емоција и посебен мотив за нас. Треба секогаш да се бориш и да даваш максимум за својата единствена Македонија, зашто само таа ја имаме!



Филип Талески на терен.



ЉУПЧО АРСОВСКИ
амбасадор





# АРСОВСКИ: МАКЕДОНСКАТА ДИПЛОМАТИЈА ПОДОЛГО ВРЕМЕ Е ВО ЕДНА ДЛАБОКА КРИЗА

*„Ние кои сме поминале четири децении како кариерни дипломати, дипломати без партиска поддршка, не можеме да препознаеме што се случува со македонската дипломатија, а особено во изминатава деценија, Искрено, секоја чест кон поединци професионални дипломати од некои времиња но и млади луѓе кои ете се определиле животниот предизвик да им биде дипломатијата, Нема да одам во спомнување на гафови, и еклатантни примери за паушално разбирање на дипломатијата па само да искоментирам дека не може инфлуенсерка да биде кандидирана за генерален конзул и тоа на предлог на министер за надворешни работи по професија медицинар“*, вели во интервју за Магазинот за туризам и менаџмент амбасадорот Љупчо Арсовски. Тој е искусен дипломат, но и прв амбасадор во Грција. Во моментов вели опасноста и притисокот демнат од источниот сосед, кој прави агресија во нашиот политички, културен и образовен систем.



Љупчо Арсовски, амбасадор



**Како амбасадор и познавач на состојбите во дипломатијата, може ли една генерална оценка за состојбите во македонската дипломатија?**

Во првата година на независна Република Македонија на еден министер за надворешни работи како негов близок соработник и со функција-помошник министер, му реков дека треба да создадеме професионална дипломатија. Нагласив дека треба да направиме добар избор од дипломирани студенти од Правниот, Економскиот и Филозофскиот факултет и други високообразовни институции. Дипломци кои се истакнуваат со свои видувања, акумулирана желба за збогатување на знаењето, затоа што и младите личности имаат визија со квалитет во областа на користење на интернетскиот простор. Потоа би ги испратиле во повеќе земји кои имаат развиена дипломатија и дипломатски академии, а по 10-20 години ќе имаме дипломатија која ќе се фати во костец со презентација, пласирање и одбрана на сето она што ја очекува младата демократија притисната повторно со старите романтични апетити на некои земји од соседството или од поширокото соседство на овие балкански простори и пошироко Југоисточна Европа.

Како функционер и во новото МНР (инаку во Секретаријатот за меѓународни односи сум од 1977 година, подоцна од 1991 во Министерство за надворешни работи, така што бев помошник на 8 министри за надворешни работи), раководев со повеќе сектори. Работата во МНР беше особено сложена бидејќи отпочна сериозна постапка и напори за меѓународно признавање. Набргу се отвори процесот за одбрана на името кое соседната држава ни го оспори и правеше и наоѓаше разни начини сѐ со цел да ни го отежни патот кон наше етаблирање и вклопување на меѓународната сцена. Во тој тежок почеток на независна држава со градење на дипломатската мрежа, ме посетуваа многу странски дипломати, пред сѐ со седиште во Белград, кои и пред распаѓањето на поранешна Југославија беа акредитирани и во тогашна СР Македонија. Во разговорите, покрај објаснувањето на отворените прашања, тие се интересираа и прашуваа како можат да ни помогнат како на ново министерство. Во тој контекст ги замолував, доколку е можно, да примат одреден број млади дипломати на пригодни курсеви во нивните дипломатски академии. Молбите родија плод, па набргу заминаа

релативно млади дипломати во Холандија, Австрија, Германија, Малта, Русија и други земји. Беше тоа една добра група на кадри кои подоцна, па и до денес, носат добар товар и одговорности во МНР. Но, наскоро се напушти релативно строгиот филтер за вработување на кадри во МНР со соодветни конкурси и испитни разговори. За жал се отпочна со партиски притисоци, при што започна „партизација" во државните ресори, што не го одмина и Министерството за надворешни работи. Тука почнува приказната за Вашето убаво прашање „може ли една генерална оценка за состојбите во македонската дипломатија".

Да, мојата субјективна оценка е дека македонската дипломатија е подолго време во една длабока криза. Ние, кои сме поминале 4 децении како кариерни дипломати, дипломати без партиска поддршка, не можеме да препознаеме што се случува со македонската дипломатија, а особено во изминатава деценија. Искрено, секоја чест кон поединци, професионални дипломати од некои времиња, но и млади луѓе кои, ете, се определиле животниот предизвик да им биде дипломатијата. Нема да одам во спомнување на гафови и еклатантни примери за паушално разбирање на дипломатијата, па само да искоментирам дека не може инфлуенсерка да биде кандидирана за генерален конзул, и тоа на предлог на министер за надворешни работи по професија медицинар.

**Како искусен дипломат, но и прв амбасадор во Грција, како гледате на релациите меѓу двете земји? Честопати потенциравте дека сами како држава си ја усложнуваме состојбата.**

Кога се размислува за односите и соработката, особено кога се работи за соседна земја, секогаш треба добро да се познаваа нејзината историја, култура, меѓусебните односи итн., и да се има предвид минатото и сегашноста за да се предвиди иднината. Мудроста е способност да се предвидат последиците. Дали бевме мудри во периодот 1991, од моментот кога со референдум одлучивме да бидеме независна држава и кога го донесовме првиот Устав на Република Македонија? За референдумската одлука ДА, но, негативен знак беше отсуството на гласови од некои национални малцинства. Набргу, Уставот објективно гледано беше донесен несомнено со еуфорична брзина и многу умни уставотворци не беа консултирани. Слично се случуваше и со донесувањето на одлуката за новото знаме. Влеговме во фаза во која сите се разбираа во дипломатија и во меѓународни односи. Така, Грција беше прва земја од соседството која имаше јасни забелешки кон некои членови од Уставот, знамето и др. Следеше еднострано грчко ембарго. Дали да ги спомнам масовните еуфорични собири во Солун?! Почнаа првите проблеми, па дојдовме под притисок до првите промени во Уставот, кога по неколку години сфативме дека во меѓународните односи и политиката емоциите и романтизмот не можат едноставно да ги спроведуваат мали и слаби земји, дека правдата ја спроведуваат посилните и подобро позиционираните држави. Тоа е неправда, но, за жал, до денес се практикува. Првите зборови кои ги упатив преку медиумите по моето доаѓање во Грција е дека дојдов да направам мостови за соработка, за комуникација, за луѓето да се запознаат повеќе пред сè како соседи. Настојував од првиот момент како дипломат кој има некое искуство и со новинарската фела да воспоставам добра комуникација. Секогаш им излегував пресрет на медиумите и со позитивна идеја, мисла, порака кон грчките граѓани да ја преставам Република Македонија како пријателска земја, а историјата да ја оставиме како тема за разговор пред сè меѓу историчарите. Еден голем европски политичар вели дека Балканот произведува толку многу историја што не може да ја консумира. Имав и десетина интервјуа во живо на разни грчки телевизии. Сакав да влезам во секој дом, да им кажам дека сме соседи и дека

мораме да живееме заедно на овој простор. Впрочем, Македонија беше единствената нова држава од поранешна СФРЈ која имаше свои меѓународно потврдени граници. Како непосреден прв преговарач со Грција околу спроведувањето на практичните мерки врзани за Времената согласност донесена од ООН во Њујорк на 13 септември 1995, само две недели подоцна, на 3 октомври 1995 година, бев одреден да водам интензивни преговори меѓу двете земји. На првиот ден се случи атентатот врз првиот претседател на Република Македонија, што нè поттикна со уште поголем елан да ја завршиме поставената задача со битна цел. Така, за 21 ден потпишавме низа билатерални договори кои ја определија првата или основната рамка за билатерална соработка, и горд сум на тој голем чекор напред. Беа предвидени низа усогласени и рамноправни форми за отворање на гранците, начини на нивно минување, транспортот, финансиите и слично и, секако, отворање на првите дипломатски мисии во Скопје и во Атина, а подоцна во Битола и во Солун (Thessaloniki). Покажавме дека соработка е можна, полезна, може да се проширува за доброто за граѓаните од двете страни на границата. Тоа беше добра основа за натамошно пронаоѓање на формулата која требаше да ја најдеме, а тоа беше името Република Македонија, кое за меѓународна употреба Советот за безбедност со резолуцијата 817/93 ни го определи како Поранешна Југословенска Република Македонија. Беа определени преговарачи конкретно за името со медијатор од страна на ООН. Моите задачи беа натамошно интензивно работење во создавањето позитивна клима. Но, заради плурализмот со кој за прва пат се сретнавме, со многу политички партии, во еден нов амбиент, често пати се сретнував со проблеми кога требаше тоа да се објаснува во разговори на различни нивоа со личности од грчката политичка сцена и се разбира со одредени институции. Слични процеси се случуваа и во Грција со партии и поедини невладини организации кои не можеа да прифатат нова држава на нивната северна граница. Беше потребно време, трпеливост, внимателно следење на состојбите затоа што слични „потреси“ се случуваа и на сесиите на кои се расправаше како да се изнајде вистинската формула околу името. Години подоцна се случи склучувањето на Договорот од Преспа од 2019 година. Се разбира, имам забелешки за начинот на кој се изведе во финале долгиот процес, со прашање дали беа употребени сите наши аргументи за кои имавме континуирано поддршка и од многу западни земји. Ја имавме и одлуката на Хашкиот суд. Вистина е дека овој договор беше неопходен за позитивен приод на сите земји на НАТО, за да им се придружи и Република Македонија. Финалето кое донесе и многу расправии и чудни референдуми во нашата земја е познато. Сепак, да истакнам дека се случи да не бидам воопшто дел од подготвителниот процес во „преговорите за името“. Истовремено, и повеќемина навистина сериозни личности и стручни во секој поглед врзано за оваа проблематика беа држени на дистанца.

**По дводеценискиот спор со Грција во моментов опасноста и притисокот демне од друг сосед? Колку македонските власти повлекоа правилни потези или требаше пожесток настап?**

Опасноста и притисокот кои демнат, како што велите, се блага форма на сомнеж за тоа што ни се случува со соседот од источната страна. Фактите потврдија дека се направени доста компромиси со призвук на асиметрија во Договорот со Бугарија за пријателство и добрососедство. Според мене, се работи за еден вид агресија во нашиот политички, културен и образовен систем. Недореченоста и асиметријата, одредени широки формулации, некои непрецизни кои се вградени во тој договор, го покажаа сериозниот пропуст, недостаток, недореченост кој го користи другата страна.

Ова особено дојде до израз во процесот на нашето натамошно настојување да го реализираме она што е зацртано во собраниските документи на нашиот пат кон полноправна членка на ЕУ. За жал, кога очекувавме источниот сосед да ни даде голема поткрепа и помош, започнаа невидени постапки, интензивни и отворени особено по Декларацијата во нивниот парламент, по што следеше и Меморандумот на нивното МНР. За нашите реакции зборуваат пред сѐ датумите и нивната содржина, кои беа скромно објавувани, не ретко со задоцнување.

**Македонија го почна скрининг-процесот со ЕУ. Но, се чини дека односите со Република Бугарија во последно време се затегнаа. Како, според Вас, на дипломатски начин и со посредство на европската дипломатија, најлесно би можеле да се надминат овие несогласувања?**

Вистина е дека скрининг-процесот е во завршна фаза. Процесот добро се одвива и во ЕУ има позитивен прием за повеќе наши презентации, но, чинам дека „притисокот“ што го направија високи личности од земји на ЕУ со укажување дека е сепак неопходно промената на Уставот да се реализира во македонскиот парламент е сериозно предупредување. Факт е дека се наоѓаме во „веќе видени ситуации“. Но, така е тоа во меѓународните односи. Доколку на време не се постигнати одредени позиции, „противникот“ ќе ги искористи слабостите и празниот простор. Како дипломат кој долго ги следел процесите со источниот сосед, јасно е дека несоодветно и непотребно се избрза со многу големо верување дека правдата ќе биде на наша страна. За жал, очекувано, интересите и полноправното членство на источниот сосед дојдоа до израз во нивните поинакви ставови и размислувања при давањето поддршка, која ја условуваат на агресивен начин, нешто што и натаму ќе се заострува.

**ЕУ во повеќе наврати ја критикуваше нашата земја околу владеењето на правото и корупцијата. Тоа се сегменти на кои ќе мора уште многу да се работи за да се приближат кон ЕУ-регулативите. Како ја оценувате Вие ситуацијата поврзана со овие две теми?**

Корупцијата и криминалот се „блиски роднини“ и си остваруваат соработка дури и со одредени институции. ЕУ и не само ЕУ туку и нашиот стратешки партнер САД, укажуваат во континуитет на потребата од сузбивање на овие две појави кои се како карцином во секое општество. ЕУ овие денови најави доаѓање на сериозна контрола за да се види како се трошеле и европските пари во одделни проекти. Постои сериозен проблем и во функционирањето на дел од правосудните органи. Ова е регистрирано, и најавен е сериозен пристап за што посебно и со конкретни случаи ќе се соочиме при презентацијата во соодветниот кластер. Внимателно се следи функционирањето или работата и во одделни судски и истражни предмети токму од соодветни органи на ЕУ. Најавата за проширување на листата на САД за непожелни граѓани зборува токму за корупцијата и криминалот. Ова ќе биде предизвик во блиска иднина.

**Македонскиот дипломатски синдикат постојано алармира за неправедност и партизација на МНР. Имаат ли шанса за напредок во кариерата вистинските професионалци?**

Постоењето на два синдиката во МНР дава јасна слика за партизацијата, посебно во овој сензитивен државен апарат. Во сите периоди имало случаи на „самоволно“ одлучување на првиот човек на МНР на кого му „помагале“ и одреден број функционери и службеници, секој и за своја сметка. Бидејќи првиот човек е партиски избор тој е, за жал, често пати „обврзан“ да ја слуша партијата односно партискиот лидер. Потребна е транспарентност. Неопходно е правилно спроведување соодветни постапки кои се регулирани со самоуправните акти, при што многу зависи токму од личностите кои се

одговорни во тие постапки.

**Која би била вашата препорака за подобрување на состојбите во дипломатија во периодот што следува? Кои се неопходните чекори?**

На подобрување на состојбите во дипломатијата мора интензивно да се работи, едноставно „сега и овде“. Потребно е да дојде до консензус меѓу сите партии во највисоките државни тела во државата. Со определбата за градење на професионална дипломатија природно ќе си заминат или ќе се прераспоредат одредени кадри кои се далеку од оваа специфична област во секој државен систем. Професионалноста во оваа област е проверена во многу силни држави кои не случајно се определиле за професионална дипломатија (пример нека ни бидат турската и грчката дипломатија). Мора на вистинските професионалци да им се даде шанса, затоа што „формулата“ е едноставна – правиот човек да дојде на право место и во право време, што е впрочем тајната на успехот.

**Живеете во Скопје и често пати алармирате дека на градот му недостига граѓанска култура? Промените треба да почнат од луѓето, но и од администрацијата. Има ли надеж за посветла иднина за младите генерации?**

Македонија е мала земја по население, но и по простор, во кој за два часа се стигнува од еден до друг крај на земјата. За сите важи токму потребата за совладување и практикување на граѓанската култура. Треба многу да се работи на овој проблем кој го регистрираме насекаде во таканаречената животна околина, која треба и мора да ја зачуваме. И со ова прашање ќе се сретнеме на нашиот пат кон ЕУ. Пример е екологијата. Загадуваме свесно и несвесно, понекогаш и намерно, а обврзани сме веќе со неколку европски и светски конвенции, кои се дел од нашето домашно право. Пример е загадување на реките кои се влеваат пред сè во реката Вардар, која поминува низ северниот дел на Грција и се влева во Солунскиот Залив. Пречистителните станици се за да се филтрира водата, и со тоа да го заштитиме и нашиот простор при заливањето на земјоделските култури, па доколку се занемари, ќе се соочиме во соодветното поглавје за Заштита на животната средина. Нашата желба да бидеме полноправен член на ЕУ бара многу работа, откажување и доследно почитување на регулативите. Потребно е да се работи со најмладата популација, најпрво дома во домашното воспитување, па во текот на образованието, и конечно, во секојдневниот живот при работа во приватни или државни институции, невладин сектор и конечно, просторот во кој живеете. Тоа што го гледаме како начин на живеење додека сме на некое патување низ организирани државни системи, да го примениме дома. Изгледа едноставно, но, во реализацијата е компликувано. Повторно ќе нагласам, мора да се работи, да се укажува, да се дава пример како треба да се работи. Притоа, и да се критикува и да се санкционира тоа што е спротивно на законските прописи, и пред сè, штетно по нашето здравје, кое е најскапоцено.

На овој мал простор се определив да зборувам посебно за културата на живеење од аспект на екологијата, но тоа важи и во секојдневниот однос меѓу луѓето и особено во институциите на системот, каде што луѓето ги остваруваат своите права. Да потсетам, своевремено низ државните институции, болници и на шалтерите беа поставени соодветни апарати на кои може да се притиснат едно од три копчиња во зависност од тоа колку сте задоволни од шалтерскиот службеник. Мислам дека нема да погрешам дека се бројат на прсти апаратите кои функционираат, а нивните претпоставени исто така не се заинтересирани спомнатите апарати да се стават повторно во функција. Дали имало непосакувани критики, незадоволство и слично, па апаратите се исклучени или расипани? Дали се плашат одговорните од ред?

# ОДЛИВ НА МОЗОЦИ ОД РЕГИОНОТ – МАКЕДОНИЈА НА ВРВОТ НА ЛИСТАТА

## Одливот на мозоци ќе го чини регионот неговата иднина

**„Не работам за 500 евра, ќе заминам надвор од Македонија и ќе се вработам таму“, „Ќе го завршам факултетот тука, па ќе заминам од државата, тука нема живот“.** Ова се најчестите муабети на младите во Македонија, без разлика дали разговараат со вас, ги слушате во автобус, или во некој кафе бар. Најголем дел од нив размислуваат што поскоро да ја напуштат земјава, а причини има премногу. Недостаток на професионален напредок, вработување по партиско - политичка основа, корупција, криминал, негативна селекција при вработувањето, лошо здравство, катастрофално образование, деградирани институции - се рак рана во нашето општество за кои новите генерации немаат пардон. Затоа, трендот на иселување од Македонија со години не запира, а на оваа листа не се само младите, туку и добро ситуирани семејства и квалификувани граѓани кои лесно можат да најдат работа на странските пазари.

„Одливот на мозоци“ стана тажен рефрен, не само во Македонија, туку и во другите земји на Западен Балкан, каде што квалификувани работниците заминуваат за да најдат подобри услови за живот и работа во европските земји. Од друга страна, пак, националните економии на земјите од Балканот трпат сериозни штети затоа што се чувствува недостиг од квалификувани работници и работна сила.



Над 9.500 млади ја напуштаат земјава годишно.
*Извор: dezeen*

**Податоците на Стопанската комора на Република Македонија, објавени во март годинава, покажуваат дека над 9.500 млади ја напуштаат земјава на годишно ниво, што е поразителна бројка.**

Во Студија на ОЕЦД (Организација за економска соработка и развој) стои дека стапките на емиграција од регионот на Западен Балкан се зголемиле за десет отсто во последната деценија, додека во моментов се проценува дека повеќе од едно од пет лица родени во регионот живее во странство.

Население кое емигрирало, како процент од резидентното население, 1990 - 2019 година




*Извор: Валеска Еш и др. (уред.), Емиграција од Западен Балкан, Институт Аспен Германија, 2021 година, стр. 28.*

## СТАПКИТЕ НА НЕВРАБОТЕНОСТ – ГЛАВНА ПРИЧИНА ЗА ЗГОЛЕМЕНАТА МИГРАЦИЈА КАЈ МАКЕДОНЦИТЕ

Профилот на земјата за 2021 година, изработен од Агенцијата за миграција на ОН, открива дека високите стапки на невработеност и недостигот од долгорочно вработување се главните двигатели на миграцијата од Македонија. Истовремено, има нерамнотежа во бројот на работници, каде што поголем дел се сконцентрирани во Скопје затоа што има повеќе можности за работа.

Повисоките плати и подобрите услови за живот во главниот град, но и во европските земји, се другите причини за економската миграција од Македонија, а некои се загрижени и за ограничените можности за развој на кариерата, што резултира со интелектуална миграција.

Податоците на Светска банка откриваат дека нето-миграцијата во Македонија била -1.000 во 2022 година, од -486 во претходната година. **Ова е втора највисока стапка на миграција од 2017 година, кога стапката изнесуваше -1.018.**

Во Македонија постојано има разно разни дебати и стратегии да се спречи одливот на мозоци, но ефектите воопшто да ги нема. Надлежните уверуваат дека се реализираат мерки да се спречи одливот на мозоци, но во реалноста, состојбите се застрашувачки – сведоци сме на секојдневно иселување посебно од помалите градови во земјава. Наместо да се преземат итни и неодложни мерки и политики за да се задржат младите и квалификувани кадри, државата дозволи недостигот на работна сила во земјава да се потполни со увоз на работна сила од Пакистан и од Индија.

## КАКО Е ВО ДРУГИТЕ ЗЕМЈИ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН?

Политичките случувања и корупцијата се сметаат за главни причини за миграција на населението во **Босна и Херцеговина**. Растечкиот тренд на миграција на младите е поттикнат од неколку индикатори, како што се дестабилизирачките политички случувања во земјата, систематската корупција и неспособноста на институциите да се борат со социјалните и политичките шокови. Визната либерализација, исто така, имаше влијание врз миграцијата од оваа балканска земја.

Социо-политичката ситуација е клучна причина за емиграцијата на **Црногорците**. Слично како и во БиХ, Црногорците често ја наведуваат општествено-политичката ситуација како главна причина за емиграцијата, проследена со други причини како што се системот на јавна администрација, владеењето на правото, здравствената заштита и образованието. Истражувањето покажало дека миграцијата на црногорското население не е нужно поврзана со финансиски причини, туку со општествено-политичката ситуација во земјата. Студијата на Организацијата на Црногорците кои студираат во странство (OMSA) открива дека двигателите на миграцијата се исто така ограничениот пристап до пазарот на трудот и слабата работна култура. Студијата во која беа опфатени 132 испитаници кои биле висококвалификувани млади Црногорци низ светот на возраст од 24 до 40 години, покажува дека нискиот животен стандард и приходите се наведени како трета или четврта причина за емиграција.

Жалбите за квалитетот на животот ги туркаат **Србите** кон емиграција. Факторите за иселување на Србите се подобри можности за

вработување, подобра плата, работни услови и професионално напредување. Според истражувањето спроведено од Универзитетот во Белград во шест градови во земјата, вторите најчести одговори се поврзани со перцепцијата на испитаниците дека другите земји нудат поудобна, мирна и поздрава средина – подобар квалитет на живот. Истото истражување открива дека и образованието на српските студенти станува сè поголема причина за иселување.

Главните причини за емиграцијата на населението на **Косово** се сведуваат на високи стапки на сиромаштија и кршење на човековите права. Сепак, причините за миграцијата се сменија. Во минатото, социо-економските фактори беа водечки причини за емиграција. Овој тренд малку се промени во последните две децении, при што младите почнаа да мигрираат од образовни причини. Главни фактори за миграција во Косово се невработеноста, несигурноста на работата, долгите работни часови и ниските плати. Некои веруваат дека визната либерализација може да има негативно влијание врз стапката на миграција во земјата. Прелиминарната студија на SchengenVisaInfo.com открива дека 76,1 отсто од испитаниците веруваат дека визната либерализација ќе има позитивно влијание врз слободата на Косовците, но 95,7 отсто велат дека тоа во голема мера ќе влијае на пазарот на трудот.



## ВИСОКАТА СИРОМАШТИЈА Е ГЛАВНИОТ ДВИГАТЕЛ НА АЛБАНСКАТА ЕМИГРАЦИЈА

**Албанија** има долга историја на миграциски бранови, кои би можеле да бидат поврзани со различни причини, социо-политички и економски кризи, но најновата е поврзана со пандемијата на Ковид 19, која имаше огромно влијание врз благосостојбата на луѓето. Според проценките на Светска банка, околу 22 отсто од албанското население било под прагот на сиромаштија за време на пандемијата. Сиромаштијата може дополнително да се продлабочи и до 30 отсто бидејќи се очекува растот на трошоците и инфлацијата да влијаат во целиот регион.

Многу честа шема на миграција со која се среќаваме кај Албанците е дека мажите прво заминуваат, а штом ќе ја подобрат својата финансиска состојба, ги носат своите сопруги и деца да им се придружат. Податоците на Евростат откриваат дека меѓу 2008 и 2020 година, околу 700.000 Албанци биле имигранти во земјите на ЕУ и добиле државјанство на ЕУ.



**Околу 700.000 Албанци заминале во ЕУ помеѓу 2008 и 2020 година.**
*Извор: pixabay*

## КОИ ЗЕМЈИ СЕ НАЈАТРАКТИВНИ ЗА РАБОТНИЦИТЕ ОД ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН?

Земјите од Западен Балкан остануваат најсиромашни земји во Европа, со значително понизок животен стандард и БДП по глава на жител од членките на ЕУ. Пред пандемијата, се проценуваше дека со просечен раст на приходот по глава на жител од околу 3 проценти, на земјите од Западен Балкан ќе им требаат околу 60 години да го достигнат просечното ниво на приход во ЕУ, па токму Европската Унија засега останува најатрактивна дестинација за македонските иселеници.

**Главни земји - дестинации за луѓето кои се иселиле, 2019 година.**




*Извор: Нермин Оруч, Емиграција од Западен Балкан, Германска Федерална агенција за граѓанско образование, 2022 година*

## КАКО ОДЛИВОТ НА МОЗОЦИ ВЛИЈАЕ ВРЗ ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН ПОЕДИНЕЧНО?

Иако исходот од емиграцијата на квалификувани работници може да биде позитивен за земјата-примател, како и за самите мигранти, тој остава зад себе пад на бројот на квалификувани работници во земјите во развој.

Според анализата спроведена од „LinkedIn" и Светска банка, нето-миграцијата што се случи помеѓу 2015 и 2019 година низ земјите од Западен Балкан доведе до губење на вештини, особено во деловните и технолошките вештини. Дополнително, забележано е губење на вештини во специфични индустриски вештини како што се ИКТ, инженерски и медицински вештини.

Петте главни вештини изгубени во ова време биле стоматологијата, генетскиот инженеринг, алатките за развој, медицината и рехабилитацијата, како и веб-развојот. Загубите на овие полиња се особено истакнати во **Македонија, Босна и Херцеговина и Албанија.**



**Европската Унија засега останува најатрактивна дестинација за македонските иселеници.**
*Извор: Shutterstock*



## „ПОВТОРЕНА“ ИСТОРИЈА НА БАЛКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ СО МИГРАЦИЈАТА

Студијата на ОЕЦД открива дека постојат историски причини за миграција од земјите од Западен Балкан во ЕУ, при што поранешна Југославија игра улога во поттикнувањето на работната миграција. Поради големата побарувачка на работна сила за поддршка на индустрискиот развој во западноевропските земји, емиграцијата на балканските граѓани беше истакната во 1960-тите и 1970-тите.

Германија и Австрија конкретно потпишаа договори за привлекување работници од поранешна Република Југославија во 1960-тите, при што овие миграциски политики беа затемнети во периодот од 1974 до1980 година, додека многу од оние што мигрираа во европските земји во овој период останаа во земјите-дестинација.

Друг бран на миграција во овој регион се случи во доцните 1980-ти години поради војните што доведоа до масовно преселување. Околу половина од населението на Босна и Херцеговина беше раселено за време на војната во 1992 година, при што околу 320.000 бегалци се населиле во Германија, која пак промовираше доброволно враќање, но само една третина од босанското бегалско население во Германија се врати во својата матична земја. Сепак, тоа не беше случај за косовските државјани, кои, по војната во Косово во 1998 – 1999 година, беа сведоци на околу 850.000 луѓе кои ја напуштаат земјата. Мнозинството од нив – 600.000, избраа да се вратат, што го означи најбрзото масовно враќање во модерната историја.

Во 2000-тите, миграцијата од овој регион се смири поради високите трошоци и тешкотиите при добивање визи, додека во 2005 година, кога Европската Унија склучи договори за олеснување на визниот режим и реадмисија со пет земји од Западен Балкан, со исклучок на Косово, миграцијата повторно се зголеми за цела деценија.

Планот за проширување на ЕУ да вклучи две земји од поранешна Југославија, Словенија и Хрватска, исто така влијаеше на миграцијата на балканските граѓани. Зголемената миграција од Хрватска во ЕУ предизвика недостиг од работна сила во земјата, што се решава со работници од Босна и Херцеговина, Црна Гора и Србија.




Промоција на додипломци и последипломци на Универзитетот Скопје.


Т ЗА ТУРИЗАМ
АЏМЕНТ
ОПЈЕ

# Superbrands

## UNIVERSITY OF TOURISM AND MANAGEMENT SKOPJE




AN INSIGHT INTO SOME OF THE STRONGEST BRANDS IN THE ADRIATIC